Библиски лекции



# Талкање низ пустината (I)

Година 96. Број 1

**Јануари - Март 2020**

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| 1. Божјиот избран водач | 5 |
| 2. Вест за избавување | 10 |
| 3. Тврдоглавоста, плод на гордоста | 15 |
| 4. Злата во Египет | 20 |
| 5. Пасха | 26 |
| 6. Излегувањето од Египет | 31 |
| 7. Преминување на Црвеното Море | 36 |
| 8. Поуки од Мара и Елим | 41 |
| 9. Леб од небото | 46 |
| 10. Бог се грижи за својот народ | 52 |
| 11. Посетата на Јотор | 57 |
| 12. Бог му зборува на својот народ | 62 |
| 13. Ѕид на заштита | 67 |


„Библиската поука не треба да се проучува со фрлање на еден брз поглед врз нејзиниот текст во сабота наутро, туку поуката за следната седмица треба внимателно да се проучи во сабота попладне, а потоа секојдневно да се повторува и расветлува во текот на седмицата. Така поуката ќе се вреже во нашата меморија како богатство кое никогаш нема целосно да се загуби“. - Воспитување 251.252.


Издава: Seventh Day Reform Movement General Conference, Sabbath School Department, Hollins Road, Roanoke, Virginia 24019 – 5048, USA
За Македонија: Реформно движење на адвентистите на седмиот ден, 1300 Куманово, Моша Пијаде 85. Телефон: 076/466-322; e-mail: info@rdasd.mk: Web: www.rdasd.mk
Во цитираните библиски стихови користени се следните преводи: Библија (Библиско здружение 2006) и Библија (превод Д-р/Др Душан Х. Константинов).
Одговорен уредник: Часлав Дичевски

Година XCV Број 2


Библиските лекции претставуваат програма за секојдневно тематско проучување на Божјото Слово, заснована само на Библијата и Духот на пророштвото, без додатни коментари. Прашањата се така формулирани што овозможуваат директен и концизен одговор. Зборовите во заграда се додадени поради појасно разбирање на контекстот и потечно читање. Проучувањето на дадените теми со помош на цитираните дела е мошне препорачливо.

# Предговор

„Историјата за доживувањето на Израел во пустината е запишана за наука на Божјиот Израел сѐ до крајот на времето“. – *Патријарси и пророци, 293.*

„Мрморењето на Израелците во пустината, нивните бунтови и незадоволства, силните чуда направени во нивна корист и казните кои ги стигнувале поради нивното идолопоклонство и неблагодарност кон Бога, сето тоа е запишано за наше добро. Примерите на Израелците во Стариот Завет се запишани за наша опомена, за да не го предизвикаме Божјиот гнев со слично неверство како и тие. Ако во Светиот Запис не се запишани и гревовите на Израелците, туку само нивните доблести, нивната историја за нас не би била таква поука каква што е“. – *4. Сведоштво, 11.*

Додека го започнуваме првиот дел од серијата во два дела „Лутање низ пустината“, нашиот главен фокус ќе биде ставен на раѓањето на Мојсеј и неговата подготовка да го води движењето за излегување; несреќите во Египет; избавувањето на Израел од египетското ропство; пристигнувањето на Израелците во Синај; и примањето на законот. Ќе се допреме и до примери на нивното неверување и неговите погубни последици и верноста и благословените награди. Ќе ги видиме страшните резултати од отфрлањето на Божјите предупредувања, како и благословите врз оние кои одбрале да веруваат во Божјата Реч и да и се покоруваат.

Многу Израелци со себе го понеле и влијанието на Египет. Иако физички го напуштиле Египет, мнозина од нив со себе ги понеле разните обичаи и мислените обрасци на Египет. Ние, исто така, сме повикани да излеземе од духовниот Египет, од светот. И ние, можеби, сме се заветувале дека ќе го следиме Бога, но сепак се однесуваме и размислуваме како светот. Додека ги проучуваме овие поуки, нека нашите срца бидат подготвени во целост да го следат Бога.

„Задачата на Мојсеј би била многу полесна кога меѓу Израелците не би имало толку заведени кои не биле подготвени да го напуштат Египет“. – *Патријарси и пророци, 260.*

Меѓутоа, „за време на робувањето во Египет, меѓу Израелците имало луѓе кои му останале верни на Јехова“. – *Патријарси и пророци, 259.* Мојсеевите родители спаѓале меѓу тие неколкумина верни. Неговата мајка, богобојазлива жена, знаела како да го воспита своето дете. „Целиот иден живот на Мојсеј, големото дело што го извршил како водач на Израелскиот народ докажуваат колкава важност има задачата на една христијанска мајка“. – *Патријарси и пророци, 244.*

Нека Бог ни помогне да учиме од грешките на Израелците. Да учиме исто така и од нивните успеси и да бидеме меѓу неколкумината верни кои по секоја цена ќе го следат Бога.

*Оддел за саботна школа при Генералната конференција*

Сабота, 4. јануари 2020.

## Дар во првата сабота за централата на Амазонското (АРАМ) поле во Бразил




Амазонас и Рораиме се две држави на северот на Бразил кои се карактеризираат со изобилство на интересни карактеристики. Површината на Рораиме изнесува околу 230.000 км2, и таа е најретко населена држава во Бразил со густина од 2,5 жители на км2. Нејзиниот главен град, Боа Виста, е единствената бразилска престолнина која во целост се наоѓа на Северната хемисфера. Економијата на државата во голема мера зависи од комерцијалните добра и услужните дејности. Во оваа област туризмот рапидно се развива, најмногу поради извонредната планина Рораима.

Амазонас е голема држава, со површина од 1.600.000 км2. Во неа живеат скоро 4 милиони жители, од кои 80% живеат во урбани области. Главниот град, Манаус, е најнаселен град во северен Бразил, со приближно 1,8 милиони жители. Преку оваа држава поминува реката Амазон, која е меѓународно позната како најголема река во светот по количина на вода.

Евангелието во овој крај дошло во 70-тите години од XX век, кога група колпортери пристигнала во Манаус. Делото започнато во таа област се развило во Рораим и Амазонас како поле (АРАМ), во кое има 200 членови. Повеќето од овие браќа зависат од семејни фарми и немаат многу финансиски средства. Нивниот најлесен начин на транспорт се кануа, чамци или бродови – методи кои се ризични, скапи и кои одземаат доста време. Патувањето во средиштето на земјата мора да се изврши преку воздушен пат. Сето ова придонесува за чувство на изолација.

Полето АРАМ беше основано неодамна, а неговата централа е воспоставена во црквата Манаус – храм изграден пред повеќе од четири децении. Поради ова, зградата има потреба од итно реновирање. Потребни се нови купатила, простории за настава на деца и млади, кујна, трпезарија и нова проповедничка куќа. Канцелариите ќе мора да се прилагодат на постојната инфраструктура.

Овој потфат е потребно да се изврши што побргу, а нашите средства се мали, затоа апелираме до нашите браќа со оваа молба. Ако, денес, сте волни великодушно да дадете, Господ ќе ве награди изобилно.

***Вашите браќа од полето АРАМ во Северно-бразилската унија***

# Божјиот избран водач

**„Со вера Мојсеј, кога порасна, се откажа да се нарече син на фараоновата ќерка и повеќе сакаше да страда заедно со народот Божји, отколку да ужива во минливите гревовни наслади“ (Евреите 11:24,25).**

„Силата на Мојсеј била во неговата поврзаност со Изворот на секоја сила, Господ Бог над војските. Тој високо се издигнал над секоја овоземна побуда, и целосно му верувал на Бога. Тој се чувствувал како дете Господово“*. – Коментари на библиските текстови, 47.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 241-251.*

Недела 29. декември

## 1. САТАНАТА СЕ ОБИДУВА ДА ЈА СПРЕЧИ БОЖЈАТА НАМЕРА

**а. Бидејќи Израелците, живеејќи во Египет, бргу се множеле, што предложил фараонот да направат, плашејќи се дека еден ден тие ќе се свртат против него? Излез 1:15-17,22.**

„Царот и неговите советници се надевале дека, подложувајќи ги Израелците на тешка и мачна работа, ќе го намалат нивниот број и ќе го скршат нивниот независен дух. Не успевајќи да ја остварат својата намера, примениле уште посвирепи мерки. Им била издадена наредба на оние жени чиешто занимање им овозможувало спроведување на истата сите еврејски машки деца да ги убиваат при самото раѓање. Поттикнувач на ова бил лично сатаната. Тој знаел дека меѓу Израелците треба да се роди еден кој ќе биди нивни Ослободител и се понадевал дека, поттикнувајќи го царот да им ги убива децата, ќе го оневозможи остварувањето на оваа божествена намера. Но овие жени се плашеле од Бога и не се осмелувале да извршуваат еден толку свиреп налог. Нивната постапка му била по волја на Господа и Тој за тоа ги благословил. Царот бил огорчен што неговата наредба не се извршува и затоа уште повеќе ја заострил и ја проширил.“ – *Патријарси и пророци, 242.*

## 2. ПОДГОТОВКА НА ВОДАЧ

**а. Кое било наследството на Мојсеј? Излез 2:1; 6:20.**

„Тогаш му заповеди фараонот на целиот свој народ, велејќи: ‘Секое машко што ќе се роди кај Евреите, фрлете го во реката; само женските деца оставајте ги во живот’ (Излез 1:22). Додека таа наредба била во полна сила, се родил синот на Амрам и Јохаведа, побожни Израелци од племето на Левие. Новороденчето било ‘убаво дете’ (Евреите 11:23) и родителите, верувајќи дека се приближило времето за ослободување на Израел и дека Бог ќе му подигне избавител на својот народ, решиле своето дете да не го жртвуваат. “ – *Патријарси и пророци, 242,243.*

**б. Што направила мајката на Мојсеј за да го спаси неговиот живот? Излез 2:2-4.**

**в. Како Бог ги анулирал плановите на сатаната да го уништи Божјиот планиран избавител? Излез 2:5-10. Што можеме да научиме од начинот на кој мајката на Мојсеј ја исполнила светата должност која и била доверена да го воспита својот син за Бога?**

„Бог ги услишил мајчините молитви; нејзината вера била наградена. Длабоко благодарна, таа тогаш храбро и слободно ја прифатила својата среќна должност. Верно ја искористила дадената можност своето дете да го воспита и да го одгледа за Бога. Таа сигурно верувала дека детето е сочувано за некаква голема задача, а знаела дека наскоро ќе мора да и биде предадено на царската помајка, каде што ќе биде изложено на влијанија пресметани така за да го одвратат од Бога. Имајќи го во вид сето тоа, таа го воспитувала уште погрижливо и повнимателно отколку другите свои деца. Се трудела во неговата душа да всади Божји страв и љубов кон правдата и вистината, и најсесрдно се молела на Бога да го сочува од секое лошо влијание. Му ги разоткрила лудоста и гревот на идолопоклонството и од малечки нозе го учела да клекне и да се моли на живиот Бог кој единствено може да го чуе и да му помогне во секоја неволја...

Поуките примени од мајка му не можеле да бидат заборавени. Токму тоа го сочувало од гордоста, од неверството и од пороците што цутеле во сјајот на царскиот двор“. – *Патријарси и пророци, 243,244.*

„Секое дете родено во домот претставува света доверба. Бог им вели на родителите: ‘Земи го ова дете и израсни го за Мене, така што со својот живот ќе послужи на слава и чест на Моето име и канал преку кој Моите благослови ќе се излеваат кон светотвлијание го ставиле во служба на сатаната, тие мислат дека сепак ќе можат да ја променат насоката на животот во мигот кога ќе настапи страшната криза. Но тоа не е така лесно да се стори.“ – *Counsels to Parents, Teachers, and Students, p. 145.*

## 3. ЕГИПЕТСКО ВОСПИТУВАЊЕ

**а. По неговото рано воспитување кое го примил во домот, што вклучувала втората фаза од воспитувањето на Мојсеј? Дела 7:22. Што мислите, зошто Бог го сместил во палатата на фараонот?**

„Од скромниот дом во Гесем, синот на Јохаведа преминал во палатата на фараонот, кај египетската принцеза која го дочекала како сакан и мил син. Во египетските училишта Мојсеј се здобил со највисоко граѓанско и војничко образование. Надарен со голема привлечност, со благороден изглед и става, со префинет дух и кралско држење и славен како војсководител, тој станал гордост на нацијата. Египетскиот цар бил припадник на свештеничката класа; и Мојсеј, иако одбивал да учествува во незнабожечкото богослужение, бил упатен во сите тајни на египетската религија.“ – *Воспитување, 62.*

**б. Под влијание на раното верно воспитување на неговите родители, каков избор подоцна направил Мојсеј во неговиот живот? Евреите 11:24-26.**

„Мојсеј имал способности да заземе истакнато место меѓу големите луѓе на земјата, да блескоти на дворовите на тогаш најславното царство и во своја рака да го земе жезолот на неговата сила. Со својата интелектуална големина тој ги надминува големите луѓе на сите времиња. Како историчар, поет, филозоф, војсководител и законодавец е неспоредлив. Меѓутоа, иако сето тоа стоело пред него, тој сепак имал морална сила да ги одбие. Примамливите изгледи за богатство, чест и слава: ‘и повеќе сакаше да страда заедно со народот Божји, отколку да ужива во минливите гревовни наслади’ (Евреите 11:25).

Мојсеј бил поучен дека наградата на крај ќе им биде доделена на понизните и послушни Божји слуги, па во светлината на тоа знаење, земната добивка загубила секаква вредност. Нему примамливо му ја истакнувале сјајната фараонова палата и владетелскиот престол, но тој знаел дека во тие господствени одаи се кријат уживања поради кои човекот го заборава Бога. Преку велелепноста на раскошниот двор и над владетелската круна, неговиот поглед бил насочен кон повисоките почести што ќе им бидат укажани на светците на Севишниот во неговото царство неопогането со валканост на гревот. Тој во вера ги видел круните и венците на непоминливата слава што ќе ги стави небесниот Цар на главите на победниците. Таа вера му дала храброст да ги напушти горделивите великодостојници на египетскиот двор и да му се придружи на сиромашниот, понизен и презрен народ кој, наместо да му служи на гревот, решил да му служи единствено на Бога“. – *Патријарси и пророци, 245,246.*

## 4. ОД ПРИНЦ ДО ПАСТИР

**а. Кога Мојсеј се обидел да го изврши Божјиот план за Израел на свој начин, какви биле резултатите? Излез 2:11-15; Дела 7:23-29.**

„Мојсеј претпоставувал дека неговото образование стекнато на египетскиот двор, во потполност ќе го оспособи да ги изведе Израелците од ропство. Зарем не бил упатен во сè што било потребно за еден војсководец? Зарем не ги имал предностите да заврши највисоки школи во таа земја? Да, тој навистина се чувствувал способен да го ослободи својот народ. Тој ја започнал својата работа обидувајќи се со отстранување на постојните неправди да ја придобие нивната доверба. Убил Египќанец, кој злоставувал еден Израелец. Во тоа тој го манифестирал духот на оној кој е крвник и убиец од самиот почеток, и се покажал како несоодветен да го претставува Бога кој е олицетворение на милоста, љубовта и нежноста.

Во својот прв обид, Мојсеј направил жалосна грешка; и слично на мнозина други, тој веднаш ја изгубил доверба во Бога и, бегајќи од гневот на фараонот, се свртел од задачата која му била наменета. Дошол до заклучок дека, поради големиот грев што му го одзел животот на Египќанецот, Бог нема да му дозволи да има било какво учество во ослободувањето на Израелците од нивното тешко и свирепо ропство. Но Господ дозволил да се развиваат работите така што Мојсеј може да се научи на благост, добрина, долготреливост – доблести кои се толку неопходни да ги поседува секој работник за Учителот, за да биде успешен работник во својата работа.“ – *Counsels to Parents, Teacher, and Students, p. 407.*

„Не била Божја волја Неговиот народ да се ослободува со војна, како што замислувал Мојсеј, туку со Божја сила, така што славата да му припадне единствено Нему. Па сепак, и таа предвремена постапка Бог ја искористил за да ја оствари својата намера. Мојсеј уште не бил подготвен за големото дело што го очекувало. И тој требало уште да ја учи лекцијата на верата што во свое време морале да ја учат и Аврам и Јаков за исполнувањето на Божјите ветувања да не се потпира врз човечка сила и мудрост, туку само врз Божјата сила.“ – *Патријарси и пророци, 247.*

**б. Како Мојсеј нашол дом во мадијанската земја, и кој станал негово семејство? Излез 2:16-22; 18: 2-4.**

**в. Со што се занимавал Мојсеј во мадијанската земја? Излез 3:1.**

Четврток 2. јануари

## 5. ОБУКА ВО ШКОЛАТА НА ЛИШУВАЊЕ

**а. Што било кажано подоцна за Мојсеј, кој покажал големи промени, остварени по годините на обука во пустината? Броеви 12:3. Какви поуки научил во пустината?**

„Образованието што го добил Мојсеј, како внук на царот, било многу темелно. Ништо што било предвидено да го направи мудар, според египетското сфаќање на мудрост, не било запоставено. Ова образование му било од корист во многу погледи; но најзначајниот дел од неговата подготовка за животното дело бил оној што го примил додека служел како пастир. Додека ги водел своите стада преку планините и во зелените пасишта на долините, Богот на природата го учел на најголемата и највозвишената мудрост. Во школата на природата, со самиот Христос како учител, тој размислувал и ги учел поуките на понизност, кроткост, вера и доверба, за скромниот начин на живот, и сето тоа ја довело неговата душа поблиску до Бога. Во осаменоста на планините тој го научил сето она што образованието во царскиот дворец не можело да му го понуди – едноставна, непоколеблива вера и постојана доверба во Господ.” – *Fundamentals of Christian Education, p. 342.*

„Во школата на самооткажувањето и тешкотиите требало да се научи на трпение и на контрола над своите страсти. Неговото срце морало да биде во потполна хармонија со Бога за да биде во состојба да ги поучува Израелците на познавање на Неговата волја. Морал низ лично искуство да биде подготвен да покажува татковско настојување и грижа за сите на кои ќе им затреба негова помош.“ – *Патријарси и пророци, 247.*

Петок 3. јануари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како сатаната знаел дека треба да се подигне избавител меѓу Израелците, и што направил за да го спречи тоа?**
2. **Како мајката на Мојсеј го обучувала детето, за кое таа била уверена дека пред него е значајна иднина? За која цел треба да ги обучуваме децата денес?**
3. **Што го навело Мојсеј да ја избере сиромаштијата пред световните придобивки?**
4. **Зошто на Мојсеј му било потребно превоспитување во пустината?**
5. **Што научил Мојсеј во годините додека бил пастир? Кои работи можеме да ги научиме од искушенијата кои нè снаоѓаат во животот?**

# Вест за избавување

„А тој стап (што беше претворен во змија), земи го во својата рака. Со него ќе правиш чуда" (Излез 4:17).

„Настапило времето за ослободување на Израел. Но Божја намера била тоа да го изврши на начин на кој потполно ќе ја порази и ќе ја понижи човечката гордост. Ослободителот требало да се појави како обичен пастир и тоа само со еден стап во раката; но Бог имал намера тој стап да го направи симбол на својата моќ." *– Патријарси и пророци, 251.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 251-256.*

Недела 5. јануари

## 1. СООПШТУВАЊЕ ОД БОГА

**а. Додека Мојсеј ги пасел стадата на Јотор, што се случувало во Египет? Излез 2:23-25.**

**б. Какво искуство имал Мојсеј кај грмушката што горела? Излез 3:1-5.**

**в. Која важна поука можеме да ја научиме од ова искуство? Псалм 89:7.**

„Однесувањето на сите оние што излегуваат пред Бога треба да го красат понизност и страхопочит. Во Исусово име ние можеме да излеземе пред Него со полна доверба, но не смееме да му се приближиме со дрска вообразба како Тој да е еднаков со нас. Има и такви кои на семожниот и свет Бог, кој се наоѓа во недосеглива светлина, му се обраќаат така како што би ословиле некој на себеси рамен или дури на понизок од себе. Има такви кои во своето однесување во Неговиот дом се чувствуваат послободни отколку што би се осмелиле да бидат во приемната просторија на некој земен властодржец. Тие би требало да имаат на ум дека се наоѓаат во присуство на Оној на кого му се клањаат серафими и пред кого ангелите ги засолнуваат своите лица". *– Патријарси и пророци, 252.*

## 2. БОГ ГО ПОВИКУВА МОЈСЕЈА

**а. Што сакал Бог да направи за својот народ? Излез 3:7-9.**

**б. Како Мојсеј се вклопил во Божјиот план да го постигне тоа? Излез 3:10; Дела 7:34,35.**

**в. Како Мојсеј одговорил на Божјиот повик и што сакал Господ тој да сфати? Излез 3:11-15.**

„Вчудовиден и вџашен со оваа заповед, Мојсеј се повлекол велејќи: 'Кој сум јас, та да одам кај фараонот, царот египетски, и да ги изведам синовите Израелови од земјата египетска?' Одговорот гласел: 'Ќе бидам со тебе, и ова нека ти биде знак дека Јас сум те пратил: кога ќе го изведеш мојот народ од Египет, ќе му укажете чест на Бога на оваа планина'.

Мислејќи на тешкотиите што требало да се совладаат, на заслепеноста, на незнаењето и неверувањето на својот народ, од кој мнозина немале речиси никакви претстави за Бога, Мојсеј рекол: 'Еве, ќе појдам кај синовите Израелови и ќе им речам: Бог на вашите татковци ме праќа кај вас, и ако тие ме прашаат: Како му е името? што ќе им одговорам?' Одговорот гласел: 'ЈАС СУМ ОНОЈ КОЈ СУМ!' 'Така ќе им кажеш на синовите Израелови: ОНОЈ КОЈ Е, ТОЈ ме праќа кај вас'." – *Патријарси и пророци, 252,253.*

„Мојсеј не очекувал дека ова е начинот на кој Господ ќе го употреби за избавување на Израелците од Египет. Тој мислел дека тоа ќе биде со војна. И кога Бог му соопштил дека ќе треба да застане пред фараонот, и во Неговото име ќе побара да ги пушти Израелците да си одат, тој не побегнал од задачата.

Фараонот пред кого Мојсеј требало да се појави, не бил оној кој донел одлука тој да биде убиен. Тој цар бил мртов, а на негово место дошол друг владетел. Речиси сите египетски цареви биле наречени со името Фараон. Мојсеј повеќе сакал да застане на чело на израелскиот народ како нивен генерал, и да тргне во војна против Египќаните. Но, тоа не бил Божјиот план. Било потребно Тој да биде возвишен пред својот народ, и да ги научи не само нив, туку и Египќаните, дека постои жив Бог кој има моќ да спаси и да уништи". – *Spiritual Gifts, vol. 3, pp. 189, 190."*

## 3. БОГ МУ ДАВА СИГУРНОСТ НА МОЈСЕЈ

**а. Која порака Мојсеј требало да им ја пренесе на старешините на Израел? Излез 3:16-20.**

**б. Како Бог ќе го исполни своето ветување дека Неговиот народ нема да го напушти Египет со празни раце? Излез 3:21,22.**

„Египќаните се збогатиле со плодовите на трудот неправедно изнудуван од поробените Израелци, и најпосле, кога настапил мигот овие да тргнат во својата нова татковина, имале право да бараат награда за својата долгогодишна тешка работа. Кажано им е да бараат скапоцености што лесно можат да се носат, а Бог сторил да најдат милост кај Египќаните. Големите чуда што ќе бидат сторени за нивно ослободување во толкава мера ќе ги исполнат со страв срцата на угнетувачите, што барањата на робовите веднаш ќе бидат исполнети“ – *Патријарси и пророци, 253.*

**в. Бидејќи Мојсеј не бил волен да го прифати Божјиот повик, какви дополнителни докази му дал Господ во своето провидение? Излез 4:1-9. Како ние треба да одговориме на Божјиот повик денес?**

„Мојсеј видел пред себе тешкотии што му изгледале непремостливи. Кои докази можел да изнесе пред својот народ дека тој навистина е пратен од Бога. ‘Но нема да ми веруваат’, рекол тој, ‘ниту ќе го послушаат мојот глас, зашто ќе кажат: Не ти се јавил Господ’. А тогаш му бил даден доказ што одговарал на неговото сфаќање. Му било наредено да го фрли својот стап на земјата, а кога тоа го сторил, стапот се претворил во змија, ‘и Мојсеј побегна од неа’. Потоа му било наредено да ја фати и таа пак се претворила во стап. Тогаш му било кажано раката да ја стави во пазувите. Послушал, ‘а кога ја извади од пазувите, раката му беше лепрозна, бела како снег’. А кога му било наредено повторно да ја стави во пазувите и да ја извади, видел дека пак станала чиста како и другата. Со овие знаци Господ го охрабрил Мојсеј и му дал цврсто ветување дека неговиот народ, и самиот фараон, ќе се осведочат дека пред нив стои Оној кој е посилен од египетскиот цар” – *Патријарси и пророци, 253,254.*

„Кој е готов при повикот на Провидението да се откаже од своите омилени планови, од семејните и од другите интимни врски со друштвото? Кој се согласува да ги прифати новите должности и да стапи во непознати области и со непоколебливо срце и доброволно да работи во Божјото дело, сметајќи ги за добивка загубите поднесени заради Христа?“ – *Патријарси и пророци, 127.*

## 4. БОГ ПРОДОЛЖУВА ДА ГО ОХРАБРУВА МОЈСЕЈА

### а. Што покажува дека Мојсеј сè уште не бил волен да го прифати Божјиот повик? Излез 4:10-13.

„Но Божјиот слуга сè уште бил совладан со мислата за необичното и чудесното дело што се случило пред него. Така збунет и уплашен, се бранел дека не знае добро да зборува... Тој навистина во голема мера го заборавил египетскиот јазик, зашто долго бил отсутен од Египет и не можел веќе лесно да се служи со тој јазик како порано додека живеел во таа земја...

Тие изговори од почеток произлегувале од скромноста и притеснувањето; но откако Господ ветил дека ќе ги отстрани сите тешкотии и ќе обезбеди конечен успех, тогаш секое натамошно притеснување и жалење на својата неспособност се само израз на недоверба кон Бога. Тоа покажувало страв дека Бог не е во состојба да го оспособи за таа голема задача на која го повикува, или дека се измамил во изборот на вистинскиот човек”. *– Патријарси и пророци, 254.*

### б. Каква помош Бог му обезбедил на Мојсеј додека трпеливо се обидувал да го охрабри својот слуга? Излез 4:14-17. Како Бог го охрабрува својот народ денес?

„Нека (членовите на Божјата црква) сфатат дека работата во која се ангажирани е работа врз која Господ го ставил својот потпис... Тој нè повикува да одиме напред, да зборуваме зборови кои Тој ни ги дава, чувствувајќи го Неговиот свет допир на усните”. *– God’s Amazing Grace, p. 275.*

### в. Какво дополнително уверување Бог му дал на Мојсеј? Излез 4:18-23.

„Човекот ќе добие сила и делотворност ако ги прифати одговорностите што ги става Бог на него и ако со сета душа се труди да се оспособи за правилно извршување на задачата што му е доделена. Колку и да му е скромна положбата, а способностите ограничени, секој што има доверба во божествената сила и кој се труди својата задача да ја изврши верно, ќе постигне вистинска големина. Кога Мојсеј би се потпрел врз својата сила и мудрост и големата задача би ја прифатил дрчно, би се покажал целосно неспособен за таквото големо дело. Фактот што еден човек ја чувствува својата слабост претставува барем извесен доказ дека тој ја увидува големината на задачата што му е доделена и дека ќе се обрати на Бога за совет и помош”. *– Патријарси и пророци, 255.*

Четврток 9. јануари

## 5. МОЈСЕЈ СЕ ВРАЌА ВО ЕГИПЕТ

**а. Кога Мојсеј го прифатил Божјиот повик, што се случило на неговиот пат за Египет? Излез 4:24-26. Која свечена паралела можеме да извлечеме од овој настан?**

„(Мојсеј) не го исполнил условот под кој неговиот син требало да го стекне правото на благословите на заветот склучен меѓу Бога и Израел; а ваквиот пропуст од страна на избраниот народен водач можел само да ја ослаби силата на божествените прописи во очите на народот. Плашејќи се мажот да не и загине поради тоа, Сефора сама го извршила чинот на обрезанието, и ангелот веднаш го пуштил Мојсеја да оди по својот пат. Задачата што требало да ја изврши пред фараонот, Мојсеја го доведувала во мошне опасна положба; неговиот живот можел да биде сочуван само со заштитата на светите ангели.

Во времето на неволјата, непосредно пред второто Христово доаѓање, праведниците ќе бидат сочувани благодарение единствено на заштитата на небесните ангели, но за престапниците на Божјиот закон нема да има сигурност. Тогаш ангелите не ќе можат да ги штитат оние што занемариле макар една од Божјите заповеди.“ – *Патријарси и пророци, 256.*

**б. Кога Мојсеј и Арон пристигнале во Египет и ги собрале старешините, како луѓето реагирале на пораката за избавување? Излез 4:29-31.**

Петок 10. јануари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **На што нè учи извештајот за Мојсеј кај грмушката што горела во врска со начинот на кој треба да пристапиме кон Бога во молитва и во светилиштето?**
2. **Како очекувал Мојсеј Бог да го избави Израел од Египет?**
3. **Зошто ние понекогаш не сакаме да го прифатиме Божјиот повик да работиме за Него?**
4. **Кој е знакот на вистинската величина кај оние што му служат на Бога?**
5. **Во времето на неволја кое е пред нас, што губат оние кои ќе занемарат само една од Божјите заповеди?**

# Тврдоглавоста, плод на гордоста

**„Не лажете се: Бог не е за подигрување. Што ќе си посее човекот, тоа и ќе си жнее“ (Галатјаните 6:7).“**

„Фараонот сеел упорност, па морал тоа и да го пожнее. Самиот тој го посеал тоа семе, и немало повеќе потреба со некоја нова сила Бог да се меша во растењето и развојот на истото, како и кај растењето на житото.*“ – Коментари на библиските текстови, 50.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 257-265.*

Недела 12. јануари

## 1. ФАРАОНОТ СЕ СПРОТИВСТАВУВА НА БОГА

**а. Кога Мојсеј и Арон излегле пред египетскиот цар, какво барање му пренеле, и како тој одговорил? Излез 5:1-3.**

**б. Кои предупредувања треба да ги прифатиме од гордоста и бунтот на фараонот? Галатјаните 6:7; Изреки 11:2.**

„Оние кои ги издигаат своите идеи над јасно утврдената волја Божја, зборуваат како и фараонот: ‘Кој е Господ да го послушам Неговиот глас?’ Секое отфрлање на светлината го прави срцето уште потврдо, а разбирањето помрачно, и на тој начин луѓето сѐ потешко ја воочуваат разликата помеѓу доброто и злото и тие стануваат похрабри во спротивставувањето на Божјата волја.“ – *Коментари на библиските текстови, 50.*

„Нека сите бидат предупредени од пораките испратени од небото дека секој кој ги воздига своите патишта и своето лично мислење како најважно ќе западне под власта на сатаната и дека слепо ќе го следи сѐ додека неговиот дух и неговите методи не се прилагодат со архиизмамникот, малку по малку, сѐ додека целиот негов ум не биде маѓепсан. Змијата го држи погледот фиксиран врз луѓето, за да ги маѓепса, сѐ додека не бидат целосно немоќни да побегнат од стапицата.“ – *The Publishing Ministry, p. 175.*

## 2. ФАРАОНОТ ДОДАВА УШТЕ ПОГОЛЕМИ ТОВАРИ

**а. Какво обвинение изнел царот против Мојсеј и Арон? Излез 5:4,5. На каков „одмор“ мислел?**

„Во текот на своето мачно робување, Израелците во извесна мера го загубиле вистинскиот поим за Божјиот закон и отстапиле од неговите прописи. Саботата воопшто малку е почитувана, а притисокот и прекумерните барања на нивните надзорници привидно потполно го оневозможиле нејзиното празнување. Меѓутоа, Мојсеј му објаснил на својот народ дека прв услов за ослободување е послушноста кон Бога; и напорите што биле вложени во тоа повторно да се воведе почитување на саботата, не останале незабележани од страна на нивните угнетувачи.“ – *Патријарси и пророци, 258.*

**б. Која била целта на Бога да го изведе Израел од Египет? Псалм 105:43-45. Какво значење има ова за нас?**

„Како што саботата била знак според кој се распознавале Израелците кога излегле од Египет за да влезат во небесниот Ханан, така таа и е денес знак по кој се распознава Божјиот народ кој излегува од овој свет за да влезе во небесната почивка. Саботата е знак на сродство кое постои помеѓу Бога и Неговиот народ, знак дека тој народ го почитува Неговиот закон. Таа прави разлика помеѓу Неговите верни поданици и престапниците... Саботата која му е дадена на светот како знак на Бога во својство на Творец, исто така е дадена и како Негов знак во својство на Посветител. Силата која создала сѐ е истата сила која повторно ја создава душата според Неговиот лик.“ *– 6. Сведоштво, 349,350.*

„Кога Божјиот закон така ќе се покаже со пример во животот, дури и светот ќе увиди дека оние кои се бојат од Него и му служат, се повозвишени од секој друг народ на земјата“ *– 6. Сведоштво, 12.*

**в. Која била целта на Бога да го изведе Израел од Египет? Псалм 105:43-45. Какво значење има ова за нас?**

„Царот бил мошне возбуден и вознемирен претпоставувајќи дека Израелците имаат намера со бунт да се ослободат од робувањето и од служењето нему. Според негово мислење, незадоволството било последица на безделничењето, па затоа сакал да им скуси секој миг од слободното време во кое би можеле да ги коват своите опасни планови. Веднаш презел мерки нивните окови уште повеќе да ги стегне за да се скрши и да се уништи нивниот независен дух.“ *– Патријарси и пророци, 258.*

## 3. БОГ ЈА ТЕСТИРА ВЕРАТА НА ИЗРАЕЛЦИТЕ

**а. Со каква забелешка припадниците на синовите Израелови дошле кај Мојсеј и Арон? Излез 5:19-21.**

**б. Зошто Господ не ги избавил Израелците веднаш? Дела 14:22.**

„Евреите очекувале да бидат ослободени без никакво посебно испитување на нивната вера или без какви и да е страдања и тешкотии. Но тие уште не биле подготвени за ослободување. Нивната вера во Бога била слаба и тие не биле готови стрпливо да ги поднесуваат своите неволји сѐ додека Бог не види дека се оспособиле за делото што ги очекува. Мнозина од нив побргу би се согласиле да останат во ропство, отколку да се изложат на тешкотиите поврзани со преселбата во една непозната земја; а и обичаите на многу Израелци веќе биле толку слични на обичаите на Египќаните, што повеќе сакале да останат во Египет. Затоа Господ не ги ослободил веднаш кога првпат ја покажал својата сила пред фараонот. Тој така ги водел настаните, за египетскиот цар да може во целост да го покаже својот тирански дух, а самиот Тој поцелосно да му се открие на својот народ. Кога ќе ја видат неговата правда, неговата моќ и љубов, тогаш ќе решат да го напуштат Египет и да и се посветат на неговата служба. Задачата на Мојсеја би била многу полесна кога меѓу Израелците не би имало толку заведени кои не биле подготвени да го напуштат Египет.“ – *Патријарси и пророци, 260.*

„Децата на Израел биле зависници од развратот, идолопоклонството, ненаситноста и грубите пороци. Ова е последица на ропството. Но, Господ гледал на својот народ, и по неговото ослободување Тој ги воспитал. Тие не останале без Неговата грижа.“ – *The Southern Work, p. 43.*

**в. Кога Мојсеј му се пожалил на Господа на новите искушенија кои ги снашле Израелците, што ветил Господ дека ќе стори за својот народ? Излез 5:22,23; 6:1-8.**

„Полн со милост кон нас, (Бог) не нѐ става секогаш во најлесна положба, зашто, ако тоа го направи, во нашата самодоволност ќе заборавиме дека Господ е наш помошник во време на потреба. Но, Тој копнее да ни дојде на помош во најтешките моменти, и да ги открие богатите резерви што ни се на располагање, без оглед на околностите; Тој дозволува да нѐ снајдат разочарувања и неволји за да можеме да ја сфатиме својата беспомошност, и да научиме да го повикаме Бога да ни помогне, како што детето, кога е гладно и жедно,“ – *Reflecting Christ, p. 353.*

## 4. НАРОДОТ Е МАЛОДУШЕН

**а. Кога Мојсеј разговарал со синовите Израелови по втор пат, како тие ја примиле пораката Господова? Излез 6:9. Кои ветувања требале да бидат извор на надеж за сите Израелци? Создавање 15:13,14; 50:24.**

„Израелските старешини настојувале да ја одржат верата на своите браќа, повторувајќи им ги ветувањата дадени на нивните татковци и пророчките зборови што ги изговорил Јосиф пред својата смрт, преткажувајќи го нивното ослободување од Египет. Некои тоа го слушале и верувале. Други, гледајќи ги околностите што ги опкружувале, ја губеле надежта. Кога Египќаните дознале за што се зборува меѓу нивните робови, ги исмевале нивните очекувања и подбивно ја оспорувале моќта на нивниот Бог. Укажувајќи им на фактот дека се само нација на робови, зајадливо им дофрлале: „Ако вашиот Бог е праведен и милосрден и ако има поголема моќ отколку египетските богови, зошто не ве стори слободен народ?" Им ја истакнувале својата состојба. Тие се клањале пред божества кои Израелците ги нарекувале лажни богови, а сепак биле богата и силна нација. Се фалеле дека нивните богови ги благословиле со изобилство и дека тие им ги предале Израелците да им робуваат, и се расфрлале со својата сила што, оние кои му служат на Господа, можат да ги угнетуваат и уништуваат. Самиот фараон се фалел дека Евреите ни самиот нивни Бог не може да ги избави од неговите раце.

Во срцето на многу Израелци ваквите и слични зборови уништиле секоја надеж. Им се чинело дека навистина е така како што зборуваат Египќаните. Било вистина дека се робови и дека нивните угнетувачи можат да прават со нив што сакаат. Децата им ги ловеле и ги убивале, а и на самите нив животот им бил во опасност. Но тие сепак го почитувале небесниот Бог и нему му ги упатувале своите молитви. Ако Јехова навистина е над сите други богови, Тој сигурно нема да ги остави така да им робуваат на идолопоклониците. Меѓутоа, оние што му останале верни на Бога, сфатиле дека до тоа дошло затоа што Израел се одвоил од Бога, што подлегнал на склоностите да стапува во брачни врски со идолопоклониците и со незнабожечките народи и така бил наведен да служи на лажни богови. Тие верувале дека тоа биле причините што Бог дозволил тие да станат робови и ги уверувале своите браќа дека Тој наскоро ќе го скрши јаремот на ропството и угнетувањето." – *Патријарси и пророци, 259,260.*

**б. Со кој аргумент Мојсеј се обидел да се оправда кога Господ му рекол повторно да разговара со фараонот? Излез 6:10-12.**

Четврток 16. јануари

## 5. БОГ ПРАЌА ЗНАЦИ И ЧУДА

**а. Кога Бог го охрабрил Мојсеја да се врати кај фараонот, што рекол Тој дека ќе умножи во Египет, и каква ќе биде реакцијата на Египќаните? Излез 7:1-5.**

„Пред појавата на секое поединечно најавено зло, Мојсеј на фараонот би му ја опишал нивната природа и нивното дејствување за да може да биде поштеден ако се согласи да го пушти народот. По секое негово одбивање откако ќе поминела претходната казна, следела уште поостра и потешка додека гордото срце не му се скршило и додека не го признал Творецот на небото и земјата како единствен жив и вистински Бог... Бог решил да го прослави своето име за и другите народи да слушнат за неговата моќ и да затреперат пред неговите силни дела, и неговиот народ да се одврати од лажните богови и да му служи само Нему.“ – *Патријарси и пророци, 263.*

**б. Како Божјата и сатанската сила се соочиле пред фараонот? Излез 7:8-12. Која била намерата на сатаната во обидот да го имитира Божјото дело?**

„Обидувајќи се да го имитира Божјото дело извршено преку Мојсеја, се надевал не само дека ќе го попречи ослободувањето на Израелците, туку и дека ќе прошири влијание кое со векови подоцна ќе ја поткопува верата во Христовите чуда. Сатаната постојано се труди да го имитира Христовото дело и да ја утврди својата власт на која упорно полага право. Тој ги наведува луѓето Христовите чуда да ги сметаат и да ги објаснуваат како последица на човечка вештина и моќ. Во срцата на мнозина тој на ист начин ја уништува верата во Христа како Божји Син и ги наведува да ја отфрлат понудената милост дадена во планот на откупувањето.“ – *Патријарси и пророци, 265.*

Петок 17. јануари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **На кој начин и ние понекогаш ја покажуваме истата гордост како и фараонот?**
2. **На кој начин саботата се јавува како знак на разликување за Божјиот народ денес?**
3. **Зошто толку многу Израелци не сакале да го напуштат Египет? Зошто мнозина од нас денес не се подготвени да ги напуштат светските обичаи и идеи?**
4. **Зошто Бог дозволил Израелците да станат робови?**
5. **Зошто сатаната се обидел да ги имитира Божјите чуда?**

# Злата во Египет

**„И зошто да го ожесточувате срцето свое, како што го ожесточија срцето свое Египќаните и фараонот? Нели, кога Господ ја покажа силата Своја над нив, оние ги пуштија и овие заминаа” (1. Самоилова 6:6).**

*„Бог никого не го уништува. Секој што е уништен, се уништил самиот себе. Секој што ги отфрла опомените на совеста, сее семе на неверство, а тоа ќе донесе сигурна жетва”. ¬– Христовите очигледни поуки, 84.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 265–272.*

Недела 19. јануари

## 1. ПРОТЕСТ ПРОТИВ БЕСМИСЛЕНОТО БОГОСЛУЖЕНИЕ

### а. Кое било првото зло, и зошто било испратено? Излез 7:14-21.

„За време на излевањето на злата на Египет, фараонот бил точен во своето суеверно обожавање на реката и ја посетувал секое утро, и додека стоел на нејзините брегови, и давал пофалби и благодарност на водата, раскажувајќи за големите добра кои таа ги донесувала и зборувајќи и на водата за нејзината голема моќ; дека без неа тие како нација не би можеле да постојат; зашто таа река ги наводнувала нивните земјишта и ги снабдувала со месо нивните трпези.“ ¬– *Spiritual Gifts, 4a, 54,55.*

### б. Кое било второто зло, и како Бог одлучил да ги отстрани последиците од ова зло? Излез 8:2-14.

„Египќаните и жабите ги сметале за свети животни и не ги уништувале, но таа лигава напаст станала несноснива....

Господ можел за миг сите да ги претвори во прав, но не постапил така за владетелот и неговиот народ да не кажат оти и тоа е резултат на вражање какво што знаат и нивните вражачи. Телата на мртвите жаби ги собирале на купишта.“ ¬– *Патријарси и пророци, 265,266.*

## 2. БОГ СЕ ГРИЖИ ЗА СВОЈОТ НАРОД

**а. Како Бог ги разликувал оние, кои биле погодени со четвртото зло? Излез 8:20-24.**

„Некој гаден вид мушички ги исполниле куќите и полињата така што ‘се во земјата се расипа од мушичките’. Тие ‘мушички’ биле големи и отровни и нивното каснување им задавало големи болки на луѓето и животните. Како што било однапред кажано, Гесемската земја не била зафатена со оваа казна.“ – *Патријарси и пророци, 266.*

**б. Каква друга разлика направил Бог во петтото и деветтото зло? Излез 9:1-6; 10:22,23.**

„Настапил уште еден пострашен удар помор на сиот добиток во Египет што се затекол во полето. Гинеле, како светите животни, така и запрежниот добиток: крави, волови, овци, коњи, камили, магариња. Било изрично нагласено дека Евреите ќе бидат поштедени од тоа; и кога царот пратил гласници во куќите на Израелците, се покажало дека е вистина она што го кажал Мојсеј: ‘Од Израелскиот добиток не загина ниту едно’. Царот и натаму останал упорен.“ – *Патријарси и пророци, 267.*

„Одненадеж над целата земја се спуштила толку густа и непробивна темнина, што им се чинело како да можат да ја ‘опипаат’. Не само народот што бил наполно лишен од светлината, туку и воздухот бил толку тежок што одвај можело да се дише. ‘Луѓето не се гледаа еден со друг три дена, и никој не се поместуваше од својата постела три дена. Но по местата каде што живееја синовите Израелови имаше виделина’. Сонцето и Месечината за Египќаните биле божества на кои им се клањале. Со ненадејната појава на оваа таинствена темнина биле поразени и поклониците и нивните божества пред Силата која се зазела за делото на нивните робови.“ – *Патријарси и пророци, 272.*

**б. Каква грижа ветил Бог за својот народ? Второзаконие 32:43; Псалм 103:8. Како подоцна оваа грижа се проширила и на Египќаните за време на деветтото зло?**

„Но колку и да била страшна, оваа казна претставува очигледен доказ за Божјата сомилост и за неговата несклоност кон уништување. Тој на Египќаните на овој начин им дал време за размислување и каење пред да го пушти на нив последното и најстрашно зло.“ – *Патријарси и пророци, 272.*

## 3. ВРАЖАЧИТЕ ГО ПРИЗНАВААТ ПОРАЗОТ

**а. Каква била реакцијата на вражачите на третото зло? Излез 8:18,19.**

„По Божја наредба Арон ја пружил својата рака и сиот прав во целата египетска земја се претворил во вошки. Фараонот ги повикал вражарите да го сторат истото тоа, но тие не можеле. Со тоа било покажано дека Божјото дело е посилно од делото на сатаната. Сами вражарите признале: ‘Ова е прст Божји’. Но царот сепак останал упорен.“ ¬– *Патријарси и пророци, 266.*

**б. Како Бог го упатил Мојсеј да ги предизвика злите чиреви? Излез 9:8-10. Кое било значењето на пепелта што доаѓала од печката?**

„Тогаш Мојсеј добил налог даземе пепел од печка и да ‘го фрли во небото пред фараонот’. Тој чин имал длабоко значење. Четиристотини години пред тоа, Бог на Аварама, угнетувањето што го очекувало неговиот народ во иднина, му го прикажал во симболот на печка која ‘се димеше’ и огнен пламен (Создавање 15:17). Тој тогаш рекол дека угнетувачите ќе ги казни со своите казни, а поробените ќе ги ослободи со големо богатство. Израелците во Египет долго чамееле во ‘печка’ на неволји. Оваа постапка на Мојсеја за нив била сигурен доказ дека Бог си споменал за своите заветни ветувања и дека настапило време за нивно ослободување.“ ¬– *Патријарси и пророци, 267.*

**б. Какво влијание имале чиревите на вражачите? Излез 9:11.**

„Пепелот фрлен во висина се растурил низ цел Египет во вид на фин прав и секаде каде што паднал ‘настанаа красти... на луѓето и на добитокот’. До тогаш свештениците и вражачите го храбреле и го поддржувале фараонот во неговата тврдоглавост, но сега настапил суд што ги погодил и нив. Нападнати од одвратната и мачна болест, пред која нивната фаленичка сила била немоќна и ги правела само уште повеќе презрени, не биле веќе во состојба да се борат против Израеловиот Бог. Цела нација морала да увиди колку е глупаво да им се верува на вражачите кога не се во состојба да се заштитат ниту самите себеси”. ¬– *Патријарси и пророци, 267.*

## 4. ЕГИПЌАНИТЕ СЕ ПЛАШАТ

**а. Како Бог во својата милост ги предупредил Египќаните во врска со седмото зло, и какви биле резултатите? Излез 9:18-21.**

„Дождот и градот во Египет биле ретка појава, а таква луна каква што е навестена сега никогаш овде никој не видел. Веста за тоа бргу се прочула и сите што му верувале на Господовиот збор, го собрале својот добиток додека оние што ја презирале опомената, оставиле сè свое надвор. Така, заедно со казната, се покажала и Божјата милост, народот бил ставен на проверка и се покажало колку од нив, благодарение на божествената сила што ја гледале, биле поттикнати да се бојат од Бога...

Уништувањето и пустошот ја обележувале патеката на ангелот извршител. Единствено Гесемската земја била поштедена. Така на Египќаните им било покажано дека со земјата управува живиот Бог дека и стихиите на природата му се покоруваат на неговиот глас и дека единствена сигурност се наоѓа во послушноста кон Него.“ ¬– *Патријарси и пророци, 269.*

**б. Откако Бог ги предупредил Египќаните за осмото зло на скакулци, што покажало дека слугите на фараонот се плашеле од Бога? Излез 10:7.**

„Советниците на фараонот биле вџашени. Со уништувањето на добитокот, на нацијата и била нанесена огромна штета и загуба. Градот убил и многу народ. Шумите биле паднати, посевите уништени; така бргу го загубиле сето она што било стекнато со мачната работа на Евреите кои им робувале. На целата земја и се заканувал глад. Кнезовите и дворјаните го навалиле царот и налутено побарале: ‘До кога овие маки? Пушти ги луѓето нека му заблагодарат на нивниот Господ Бог. Зар уште не гледаш како Египет пропадна?’“ ¬– *Патријарси и пророци, 271.*

**б. После сè што се случило дотогаш, како фараонот покажал дека тој сè уште не бил подготвен да го пушти целиот Израел? Излез 10:8-11.**

„Фараонот настојувал Евреите со тешка работа потполно да ги уништи и децата им ги убивал, а сега се преправал како да се грижи за нив и за нивните деца. Вистинската намера всушност му била жените и децата да ги задржи како заложници, како гаранција дека луѓето навистина ќе се вратат.“ ¬– *Патријарси и пророци, 271.*

Четврток 23. јануари

## 5. БУНТОТ Е ИЗБОР

**а. Какво било влијанието врз фараонот на секоја следна Божја казна? Излез 9:7,35; 10:3.**

„Бог им зборува на луѓето преку своите слуги, упатувајќи им опомени и предупредувања и осудувајќи го гревот. Тој на секого му дава можност да ги поправи своите грешки пред тие да се вгнездат во карактерот; но ако некој ја одбие понудената милост и не сака да се поправи, Божјата сила не посредува да го осуети она кон што се насочени неговите постапки. На таквиот човек му се чини дека е полесно да ја повтори истата грешка отколку да и се спротивстави: така срцето на грешникот се стврднува и се затвора пред влијанието на Светиот Дух. А натамошното отфрлање на светлината го доведува во положба во која многу посилни влијанија не можат да помогнат”. ¬– *Патријарси и пророци, 268.*

**б. Бидејќи фараонот избрал да биде во бунт против Бога, на што е сличен овој грев, и кои се последиците на таквиот избор? 1. Самоилова 15:23 (прв дел); Изреки 28:14.**

„Оној што покажува неверничка дрскост и тапа рамнодушност кон Божјата вистина, ќе го пожнее она што самиот го сеел. Оттаму илјадници луѓе потполно рамнодушно ги слушаат оние вистини кои некогаш ги трогнувале до срце и длабоко ги возбудувале. Тие сееле запоставување и опирање кон вистината и истото тоа мораат и да го жнеат”. – *Патријарси и пророци, 268.*

Петок 24. јануари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како се покажало дека боговите на Египет биле инфериорни во однос на небесниот Бог за време на првото и второто зло?**
2. **Како Бог, во текот на излевањето на злата, ја покажал својата грижа и за својот народ и за Египќаните?**
3. **Како вошките и чиревите ги поразиле вражачите?**
4. **Како Египќаните покажале дека поверувале во Божјата реч во врска со претстојното зло од град? Како ние покажуваме вера во Божјата Реч?**
5. **Кои два става водат кон неверување?**

Сабота, 1. февруари 2020.

## Дар во првата сабота
## За мисијата во Танзанија




Танзанија е држава во Источна Африка позната по своите огромни пустински области. Тие ги вклучуваат рамнините на Националниот парк Серенџети, рај за сафари (населен со слонови, лавови, леопарди, биволи и носорози) и Националниот парк Килиманџаро Парк, дом на највисоката планина во Африка. Недалеку од брегот се наоѓаат тропските острови на Занзибар и Мафиа, со морски паркови каде живеат китови и корални гребени.

Иако не постојат статистички податоци за религијата во Танзанија, верските водачи и социолозите проценуваат дека муслиманските и христијанските заедници се приближно еднакви по големина, и дека обете опфаќаат околу 30 до 40% од населението, додека остатокот го сочинуваат припадниците на другите светски религии, припадници на доморордни религии и нерелигиозни луѓе. Според податоците од 2016. година, Танзанија има 55,57 милиони жители. Официјални јазици во Танзанија се свахили и англиски, иако постојат вкупно 126 локални јазици.

Танзанија е поделена на 30 региони (mkoa), дваесет и пет на копното и пет во Занзибар.

Веста на пробудување и реформација до Танзанија допрела преку нашите браќа од Кенија. Исто така ни помогнаа и понатаму ни помагаат и нашите браќа од Германија. Генералната Конференција ги печати Библиските лекции на јазикот свахили преку унијата на Руанда, близу Танзанија. На свахили се зборува во сите источноафрикански земји.

Делото сега напредувало до тој степен така што е потребно да се изгради централа. Ние веруваме дека Дар Ес Салам ќе биде најдоброто место за ова. Дар Ес Салам, или едноставно Дар, порано познат како Мзизима, е поранешна престолнина како и најнаселениот град во Танзанија, и регионално е значаен економски центар. Се наоѓа на брегот на Свахили, тоа е еден од најбрзорастечките градови во светот. Дар е мултикултурен град, дом на африканските Танзанијци, на Арапски и Јужно Азиски заедници, британски и германски иселеници, католици, лутерани и муслимани. Ова е идеално место за нашата централа бидејќи ќе го олесни нашето мисионското дело за целата земја.

Апелираме до сите членови на нашата саботна школа ширум светот великодушно да ги приложите своите дарови за потребите на овој проект. Однапред ви благодариме за помошта. Нека Бог изобилно ја нагрди вашата добрина за Неговото дело во Африка.

***Вашите браќа и сестри од мисијата во Танзанија***

# Пасха

**„Вистина, вистина ви кажувам: ако не го јадете телото на Синот Човечки и не ја пиете крвта Негова, не ќе имате живот во себе” (Јован 6:53).“**

„Христовите следбеници мора да ги делат неговите искуства. Тие мора да ја прифатат Божјата реч и целосно да се прилагодат кон неа така што таа да стане движечка сила на нивниот живот и на нивните постапки. Со Христовата сила тие мора да се преобразат во неговиот лик и да ги отсјајуваат божествените особини. Тие мора да го земат телото и крвта на Божјиот Син, инаку нема да имаат живот во себе.*“ ¬ Патријарси и пророци, 277.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 273-280.*

Недела 26. јануари

## 1. МИЛОСТИВО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

**а. Како Египќаните гледале на Мојсеј? Излез 11:3 (последен дел).**

**б. Која казна била претскажана пред десеттото зло, и што фараонот и неговите слуги направиле? Излез 11:1,4-8; 12:12.**

**в. Што можеме да научиме за Божјиот карактер од многуте предупредувања кои Тој им ги пратил на Египќаните пред да го прати десеттото зло? 2. Петрово 3:9.**

„Казната што прва им била навестена на Египќаните, требало да ги снајде како последна. Бог е мошне стрплив и обилен со милосрдие. Тој нежно се грижи за суштествата што се создадени според неговиот лик. Египќаните да се покајале кога им биле уништени посевите и добитокот децата не би им биле погодени; но тој народ упорно и се спротивставувал на Божјата заповед и сега морал да падне и последниот удар“ – *Патријарси и пророци, 273.*

„Господ не сака ниедна душа да загине. Неговата милост е безбројна .“ – *The Upward Look, p. 15.*

## 2. ПАСХАТА ВОСПОСТАВЕНА

**а. На кого му било дозволено да јаде пасхално јагне? Излез 12:43,48,49.**

**б. Што им било наложено на Израелците да направат со крвта, и која била целта на таа наредба? Излез 12:7,13,23.**

„Пред да добијат слобода, поробените морале да покажат вера во големото ослободување кое само што не настапило. Знакот на крвта морал да биде ставен на нивните куќи, а тие, заедно со сите членови на своите семејства, морале да се одвојат од Египќаните и да се соберат во своите станови. Кога Израелците и во најмала ситница би го занемариле даденото упатство, кога своите деца не би ги изделиле од децата на Египќаните, кога јагнето само би го заклале, а би пропуштиле со неговата крв да ги испрскаат своите довратници, или кој било од нив да излегол од својата куќа, тие не би биле сигурни. Тие би можеле искрено да веруваат дека сториле сѐ што било потребно, но нивното верување не би ги спасило. Сите оние што би пропуштиле да ги послушаат Господовите упатства, би ги загубиле своите првенци од раката на ангелот извршител.

Својата вера народот морал да ја потврди со послушност. Така и сите оние што се надеваат на спасение врз основа на заслугите на Христовата крв, треба да знаат дека и тие сами мора нешто да преземат за своето лично спасение. Иако само Христос може да нѐ спаси од казната за сторените престапи, наше е да се свртиме од гревот кон послушност. Човекот се спасува со вера, а не со делата; но својата вера човекот сепак мора да ја докаже со дела.“ – *Патријарси и пророци, 278,279.*

**в. Кој требало да го заколе јагнето на Пасха и со крвта да го попрска надвратникот? Излез 12:21,22. Какво значење има ова за нас денес?**

„Таткото требало да постапува како свештеник во домот, а ако него го нема, најстариот жив син би требало да го изврши свечениот чин на прскање на надвратникот со крв. Тоа е симболично дело кое треба да се изврши во секое семејство. Родителите треба да ги соберат своите деца во домот и да им го претставаат Христа како нивна Пасха. Таткото треба да го посвети секој член во својот дом на Бога и така да го изврши делото прикажано со пасхалната свеченост. Опасно е кога се препушта свеченоста во туѓи раце.“ ¬– *Адвентен дом, 324.*

## 3. ЗНАЧЕЊЕТО НА ПАСХА

**а. Како Израелците го јаделе јагнето и другите намирници во текот на празникот Пасха? Излез 12:8-11. Каква промена се случила откако тие се населиле во нивната земја?**

„Во времето на своето ослободување од Египет, Израелевите синови го јаделе пасхалното јагне стоејќи, со опашани бедра и со стап во рацете, подготвени за патување. Начинот на кој Израелците ја празнувале оваа установа, во таа прилика бил во сообразност со постоечките услови; ним непосредно им претстоело брзо излегување од египетската земја и мачно и тешко патување низ пустината. Меѓутоа, во времето на Христа состојбата била поинаква. Тогаш на Евреите не им претстоело брзо излегување од некоја туѓа земја, бидејќи живееле во својата татковина. Во склад со почивката што им била дадена, јаделе Пасха во полулежечка положба.“ – *Копнежот на вековите, 653.*

**б. На кој начин чудесното ослободување на Израелците од Египет се чувало свежо во умот на нивните деца? Излез 2:26,27.**

„Пасхата била воспоставена како спомен на ослободувањето на Израел од египетското ропство. Бог наредил од година во година, како што децата прашуваат за значењето на таа установа, историјата да се повторува. На тој начин чудесното ослободување требало да биде свежо во умот на секој Израелец.“ – *Копнежот на вековите, 652.*

**в. Каква е поврзаноста меѓу пасхалната служба и Господовата вечера? На кој дел ние се сеќаваме за време на светата вечера? Матеј 26:17-19,26-29; 1. Коринтјаните 11:26.**

„Онаа вечер, кога со Своите ученици последен пат јадел Пасха, Тој наместо неа, воспоставил служба која требала да претставува спомен на Неговата голема жртва. Пасхата, како еврејски национален празник, требало засекогаш да ја изгуби важноста. Наместо тоа, Христовите следбеници во сите земји и низ сите векови требало да ја вршат службата што Тој ја воспоставил...

Службата Господова вечера е спомен на големото ослободување остварено со Христовата смрт. Овој обред треба свечено да се извршува сè додека по втор пат Исус не дојде во сила и слава. На тој начин Неговото големо дело треба да биде свежо во нашите умови.“ – *Копнежот на вековите, 652,653.*

.

## 4. СИМБОЛ И ОСТВАРУВАЊЕ

**а. Кого го симболизирало пасхалното јагне? Јован 1:29; 1. Коринтјаните 5:7.**

„Бог сакал да ги поучи дека од Неговата љубов произлегува дар што ги помирува со Него.“ – *Копнежот на вековите, 112.*

„Жртвеното јагне го претставувало „Божјото Јагне“ во кое се наоѓа нашата единствена надеж за спасение. Апостолот кажува: ‘Зашто и нашата Пасха се закла за нас, Христос’ (1. Коринтјаните 5:17). Не било доволно само тоа што пасхалното јагне било заклано, туку со неговата крв морале да се испрскаат довратниците; така душата мора да ги прифати заслугите на Христовата крв. Не е доволно да се верува дека Тој умрел за овој свет, туку мораме да веруваме дека Тој умрел лично за нас. Заслугите на жртвата на помирување мораме да ги прифатиме лично за себе.“ – *Патријарси и пророци, 277.*

**б. Кој е симболично претставен со лебот и на која реалност тоа треба да нè потсетува? Јован 6:47,48,51.**

„Дури и овој земен живот го имаме благодарение на Христовата смрт. Со раните на Своето измачено тело, Тој го откупил лебот што го јадеме. Водата што ја пиеме е откупена со Неговата крв, пролеана за нас. Земајќи ја својата секојдневна храна, секој од нас без разлика дали е верник или не се храни со Христовото тело и крв. Крстот на Голгота е втиснат на секој леб, неговиот отсјај може да се види на водата на секој извор. Христос го опфатил сето ова со поуката содржана во симболот на лебот и виното како симболи на Неговата голема жртва. Светлината што блеска од Светата вечера во горната соба ги посветува и намирниците за нашиот секојдневен живот. Семејната трпеза станува Господова трпеза, а секој оброк причест.

Колку вистинити се овие Христови зборови во поглед на нашата духовна природа! Тој вели: ‘Кој го јаде Моето тело и ја пие Мојата крв, има живот вечен’. Ние можеме да живееме свет живот само ако го примиме животот кој заради нас е жртвуван на голготскиот крст. Тој живот го примаме ако ја прифатиме Неговата Реч и ги извршуваме оние нешта кои Тој ги заповедал. На тој начин стануваме едно со Него. Тој вели: ‘Кој го јаде Моето тело и ја пие Мојата крв, пребива во Мене и Јас во него. Како што Мене ме испрати живиот Татко, и Јас живеам преку Таткото, така и оној кој Ме јаде Мене ќе живее преку Мене’. (Јован 6:54,56,57) Овие стихови посебно се однесуваат на Светата вечера. Кога со вера размислуваме за големата жртва на нашиот Господ, во својот духовен живот стануваме слични на Христа. Таквата душа на секоја Господова вечера ќе прими нова духовна сила. Така оваа служба претставува жива врска која ги врзува верниците со Христа, а преку Него и со Таткото. Во посебна смисла таа претставува врска меѓу зависното човечко суштество и Бога.“ – *Копнежот на вековите, 660,661.*

Четврток 30. јануари

## 5. ДЕСЕТТОТО ЗЛО – СМРТТА НА ПРВЕНЕЦОТ

**а. Опишете го последното зло. Излез 12:29,30.**

**б. Како Израелците биле истерани од египетската земја? Зошто? Излез 12:31-33.**

„Од едниот до другиот крај на големото египетско царство, гордоста на секое семејство била уништена. Низ воздухот се пренесувале пискоти и редење. Царот и дворјаните стоеле со бледи лица и со треперливи колена, вџашени пред страшниот настан. Фараонот си споменал за она што еднаш го рекол: ‘Кој е Господ да го послушам неговиот глас и да го пуштам Израел? Не го познавам Господа ниту ќе го пуштам Израел’. А сега, кога неговиот дрски пркос против Небото е понижен и урнат во прав, тој ги повикал Мојсеја и Арона ноќе и им рекол: ‘Станете, одете си од мојот народ, како вие така и синовите Израелови, и послужете му на Господа, како што велевте. Земете ги и вашите овци и вашите говеда, како што велевте и одете си, па и мене благословете ме’. И царските советници и сиот египетски народ ги молеле Израелците да заминат од нивната земја, ‘зашто велеа: Изгинавме сите.’“ – *Патријарси и пророци, 280.*

Петок 31. јануари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како Бог покажал милост во своите предупредувања пред секое зло, а особено пред десеттото зло?**
2. **На кој начин пасхалната служба покажува како треба да се комбинираат верата и делата? Како ова се однесува на моето лично искуство?**
3. **На кое избавување потсетува Господовата вечера? Зошто треба редовно да го извршуваме овој обред?**
4. **Како ние ја присвојуваме спасувачката Христовата крв?**
5. **Како и ние, како и фараонот, понекогаш чекаме Бог да нѐ понизи пред да го послушаме Неговиот глас?**

# Излегувањето од Египет

**„А кога се навршија четиристотини и триесетте години, ноќе, во истиот ден, излезе сета Господова војска од земјата египетска” (Излез 12:41).**

„Како што ѕвездите се движат по одредени циркуларни патеки низ бескрајните пространства, Божјите намери не познаваат брзање ниту задоцнување.“ – *Копнежот на вековите, 32.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 281–283.*

Недела 2. февруари

## 1. ПОДГОТОВКА ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ

**а. Што барале Израелците за нивната напорна работа и страдањето во Египет, и зошто Египќаните го исполниле нивното барање? Излез 12:33,35,36.**

**б. Опишете ја групата која го напуштила Египет. Излез 12:37-39.**

„Имало прилично голем дел на Египќани, кои благодарение на манифестациите на знаците и чудата прикажани во Египет, признале дека Еврејскиот Бог е единствениот вистински Бог... Тие се обврзале дека отсега израелскиот Бог ќе биде нивен Бог. Тие решиле да го напуштат Египет и да одат со синовите на Израел да Му служат на нивниот Бог”. – *Коментари на библиските текстови, 53.*

„Така тргнале ‘околу шестотини илјади мажи, не сметајќи ги тука децата. И многу други придојдени отидоа со нив’. Во таа огромна маса се нашле не само оние што биле поттикнати со вера во Израеловиот Бог, туку и еден поголем број такви кои сакале само да ја одбегнат казната, или кои се придружиле кон оваа огромна поворка од просто љубопитство. Тие за Израелците биле само пречка и стапица”. – *Патријарси и пророци, 281.*

## 2. СЕЌАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИОТ ПРЕСТОЈ

**а. Колку долго Аврам и неговите потомци живееле меѓу странците, и во која генерација завршил нивниот престој во Египет? Излез 12:40,41; Создавање 15:13-16.**

**б.** Што сме и ние на оваа земја? Евреите 11:13-16.

„Со своите дела (учениците) постојано сведочеле дека овој свет не е нивниот дом; нивното државјанство било погоре; тие бараа подобра земја – небесна. Нивните разговори и чувства биле врзани за небесните работи. Тие беа во светот, но не и од светот; во духот и праксата тие биле одвоени од световните размислувања и обичаи. Нивниот секојдневен пример сведочел дека тие живеат за слава Божја. Нивниот голем интерес, како и оној на нивниот Господар, беше за спасување на душите.“ *– Lift Him Up, 325.*

**в. Во знак на сеќавање на Пасхата, кој услов го поставил Бог во врска со првенецот на луѓето и животните? Излез 13:2,11-15; Броеви 3:13. Каква поука нудел овој закон?.**

„Освен тоа, секој првенец меѓу луѓето и меѓу добитокот требало да му се посвети на Господа и истиот можел само да се откупи за да не се заборави дека при убивањето на првенците во египетската земја, првенците на Израел милосливо биле поштедени од таа судбина благодарение единствено на жртвата на помирувањето.“ *– Патријарси и пророци, 274.*

„Кога била воспоставена службата во шаторот за состанок, наместо првенците од цел Израел, Господ го избрал Левиевото племе да служи во светилиштето. Меѓутоа, сѐ уште се сметало дека првенецот му припаѓа на Господа и затоа морал да се откупи.

Затоа законот за посветување на првенците бил мошне значаен. Тој бил спомен за Господовото чудесно избавување на израелевите деца и истовремено го претскажувал уште поголемото избавување, кое требало да го изврши единородниот Божји Син. Како што крвта со која бил попрскан довратникот го спасила првенецот на Израел, така Христовата крв има моќ да го спаси светот.“ *– Копнежот на вековите, 51.*

## 3. СЛЕДЕЊЕ НА БОЖЈОТО ВОДСТВО

**а. Која желба на Јосиф ја исполниле Израелците кога заминале од Египет? Создавање 50:25; Излез 13:19.**

„При напуштањето на Египет, Израелците не ги заборавиле коските на Јосифа кои, како драгоцено завештание толку долго чекале да се исполни Божјото ветување, и за време на мрачните години на израелското робување го потсетувале народот на ослободувањето.“ – *Патријарси и пророци, 281.*

**б. Зошто тие тргнале по подолгиот обиколен пат наместо да одат директно во ветената земја? Излез 13:17,18.**

„Наместо да тргнат по патот што водел директно во Ханан, но преку филистејската земја, Господ правецот на нивното движење го насочил малку јужно, кон брегот на Црвеното Море. „Зашто Бог рече: Да не се покае народот, кога ќе види војна, па да се врати во Египет”. Да се обиделе да поминат низ Филистеја, би наишле на отпор, зашто Филистејците, сметајќи ги за робови што бегаат од своите господари, не би се притеснувале да ги нападнат. Израелците не биле добро опремени да го прифатат судирот со тој силен и воинствен народ. Тие не знаеле многу за Бога и нивната вера во него била слаба па би се уплашиле и би ја загубиле храброста. Не биле вооружени и не навикнале на војна; храброста им била ослабена од долгото робување, а освен тоа, со себе воделе жени деца и добиток. Со тоа што ги повел кон Црвеното Море, Господ им се открил не само како Бог на суд, туку и како Бог на сочувство и сомилост.“ – *Патријарси и пророци, 282.*

**в. Кога понекогаш се чини дека Бог нè води на начин кој ние не го разбираме, како што тоа го правел со децата на Израел, на што треба да се сетиме? Јован 13:7.**

„Нашите искушенија често се толку тешки што ни изгледаат неподносливи. Ако не се потпреме на Бога, притиснати од мачниот товар на грижите и одговорностите, коишто ни донесуваат само тага и болка, ние сигурно ќе подлегнеме. Но доколку се надеваме на Христа, нема да подлегнеме ниту во едно искушение. Кога сè изгледа мрачно и необјасниво, токму тогаш треба да веруваме во Неговата љубов и да ги повторуваме охрабрувачките зборови кои Тој ни ги упатува на нашата душа: ‘Ти сега не знаеш што правам Јас, но после ќе разбереш’ (Јован 13:7)”. – *Мојот живот денес, 184.*

## 4. ВИДЛИВИ ЗНАЦИ НА БОЖЈОТО ВОДСТВО

**а. Од кое место синовите на Израел го започнале своето патување? Каде го направиле првото и второто запирање? Излез 12:37; 13:20.**

**б. На кој начин Бог го водел својот народ во текот на нивното патување дење и ноќе? Излез 13:21,22; Псалм 105:39.**

„Знамето на нивниот невидлив Водач било секогаш меѓу нив. Дење облакот им бил патоводител или над нив се ширел како заштитна покривка; ги штител од сончевите горештини, а со својата сенка, свежина и влага, пружал пријатно освежување и им го олеснувал патувањето низ жешката и безводна пустина. Ноќе тој облак се претворал во огнен столб што им го осветлувал логорот и претставувал постојан доказ за Божјото присуство.“ – *Патријарси и пророци, 282.*

**в. Како Исаија ја опишува Божјата грижа за Неговиот народ во последниот конфликт, додека се приближува кон нивниот небесен дом? Исаија 4:5,6.**

„На едно од најубавите и најутешни места на пророштвото на Исаија, се зборува за столбот од облак и за столбот од оган, со што се прикажува Божјата наклоност и неговата грижа за својот народ во последната голема борба со силите на злото. ‘И ќе создаде Господ над сета Сионска гора и над сите што ќе се собираат таму облак и дим дење, а ноќе блесок од пламнат оган; зашто слава ќе покрива сè. И ќе има шатор за сенка дење од припека и засолниште и заклон од лошо време’ (Исаија 4:5,6)”. – *Патријарси и пророци, 283.*

„Во времето на проба кое е пред нас, Божјото ветување за безбедноста ќе важи за оние кои ќе ја одржат Речта на Неговото трпение. Христос ќе им рече на Своите верни: ‘Ајде, народе Мој, влези во собите и затвори ги вратите за себе. Скриј се за миг додека не помине гневот’ (Исаија 26:20). Лавот од Јудиното колено, кој е толку страшен за оние кои ја одбиваат Неговата благодат, ќе биде Божје Јагне за послушните и верните. Столбот од облак, кој на престапниците на Божјиот закон им навестува гнев и ужас претставува светлина, милост и ослободување за оние кои ги држат Неговите заповеди. Раката која е доволно силна да го уништи бунтовникот, ќе биде доволно силна и да го ослободи верниот. Сите верни сигурно ќе бидат собрани. ‘И ќе ги испрати Своите ангели со силен трубен глас и ќе ги соберат Неговите избраници од четирите ветра, од едниот до другиот крај на небесата’ (Матеј 24:31)”. – *6. Сведоштво, 404.*

## 5. ФАРАОНОТ ГИ ГОНИ ИЗРАЕЛЦИТЕ

**а. Какво упатство и предупредување им испратил Господ на Израелците со оглед на нивната непосредна опасност? Излез 14:1-4.**

**б. Со каква голема сила фараонот ги гонел бегалците, и каде ги стигнал? Излез 14:5-9.**

„Царот решил Израелците да ги заплаши со тоа што ќе им ја покаже сета големина на својата сила. Египќаните се плашеле дека другите народи ќе ги исмеваат што биле натерани да му се потчинат на Израелскиот Бог; но ако сега кренат со голема сила и ако бегалците ги вратат, можат да ја сочуваат не само својата чест и слава, туку пак да имаат робови што ќе им служат како и до сега.“ – *Патријарси и пророци, 283.*

**в. Во нашата лична борба за слобода од власта на сатаната, кое ветување треба да нè инспирира со увереност во избавување? Исаија 49:24,25.**

„Духовите на темнината се борат за душата, која еднаш била под нивна власт, но Божјите ангели ќе се борат за таа душа со сила што ќе преовлада. Господ вели: ‘Може ли на јунакот да му се одземе пленот? Може ли на победникот да му побегне заробеникот?... Вака вели Господ: ‘На јунакот ќе му се одземе пленот, на победникот ќе му побегне заробеникот. Јас ќе се спорам со оние што ќе се спорат со тебе и Јас ќе ги избавам твоите деца’“ (Исаија 49:24,25).“ – *Копнежот на вековите, 258.*



## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **На кој начин ние можеме да бидеме слични на мешаното мноштво во нашите мотиви да му служиме на Бога?**
2. **Како можеме да покажеме дека сме само странци на оваа земја?**
3. **Зошто Израелците на почетокот на своето патување морале да го изодат подолгиот пат? Што треба да научиме од нивното искуство?**
4. **Како столбот од облак и огнот повторно ќе му послужат на Божјиот народ во претстојниот конфликт?**
5. **Што се обиделе да повратат Египќаните кога решиле да ги гонат Израелците?**

# Преминување на Црвеното Море

**„Му се закани на Црвеното Море, и тоа се исуши; и ги преведе по бездните како по пустина.“ – (Псалм 106:9).**

„Христовата моќна рака ги сопрела водите на Црвеното Море, така што тие стоело исправно како ѕидови. На тој начин Тој направил сув пат преку морето, а Израелците поминале без да ги натопат нозете.“ – *Коментари на библиските текстови, 53.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: : Патријарси и пророци, 284-290 .*

Недела 9. февруари

## 1. УТЕХА НА УПЛАШЕНИТЕ

**а. На кој начин Израелците го покажале својот страв кога пред себе го виделе морето, а зад нив војската на фараонот? Излез 14:10-12.**

„Евреите се улогориле крај морето чијашто широчина им се чинела непремостива пречка за натамошното патување. Јужно од нив се наоѓале карпести планини низ кои исто така не можело да се помине. Наеднаш во далечината забележале сјајно оружје и воени коли како извидница на голема војска... Срцата на Израелците ги обзел страв.“ – *Патријарси и пророци, 283,284.*

**а. Со кои зборови се обидел Мојсеј да го смири нивниот страв? Излез 14:13,14.**

„Мојсеј бил мошне вознемирен што неговиот народ има толку малечка доверба во Бога, Иако веќе толку пати биле очевидци на Божјата сила покажана во нивна полза. Како можеле за претстојната опасност и тешкотиите во кои се нашле да го обвинуваат него кога тој постапувал исклучиво според заповедта што му ја дал Бог? Точно било дека тие не би успеале да се извлечат кога Бог не би се зазел за нивното ослободување; но бидејќи во таа положба биле доведени следејќи ги божествените упатства, Мојсеј ниту малку не се плашел од последиците.“ – *Патријарси и пророци, 284.*

## 2. БОГ ПОДГОТВУВА ПАТ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ

**а. Какво упатство му дал Бог на Мојсеј во поглед на опасноста што доаѓала? Излез 14:15-18. Како Христос им дал на своите ученици слично охрабрување, кога ќе се најдат опкружени со тешкотии? Јован 16:33.**

„Христос не потклекнал ниту се обесхрабрил и учениците мораледа покажат исто толку истрајна вера. Нивна должност била,потпирајќи се врз Неговата сила, да работат онака како што работелТој. Иако на нивниот пат ќе се појавуваат привидно непремостливипречки, со Неговата милост тие морале да одат напред, во никојслучај не очајувајќи и никогаш не губејќи ја надежта." – *Делата наапостолите, 23.*

**б. Како ангелот Божји направил пат за бегство за децата на Израел преку морето? Излез 14:19-22.**

„Но сега, кога египетската војска им се приближила, надевајќи се дека лесно ќе ги претвори во свој плен, величествениот облак се подигнал кон небото, преминал над Израелците и се спуштил меѓу нив и египетските чети. Меѓу прогонетите и нивните прогонувачи се поставил непровиден ѕид. Египќаните не можеле веќе да го видат логорот на Евреите и биле присилени да застанат. Меѓутоа, како ноќната темнина станувала сѐ погуста, од тој ѕид на Евреите им доаѓала светлина што го осветлувала целиот логор." – *Патријарси и пророци, 284.*

**в. Каква поука треба да извлечеме од тоа искуство? Римјаните 8:31.**

„Во секоја криза Божјиот народ може со доверба да рече: 'Ако е Бог со нас, кој ќе е против нас?' (Римјаните 8:31). Било какви заговори да коваат сатаната и неговите застапници, Бог ќе ги открие и ќе ги осуети. Верните и денес треба да одговорат онака како што одговорил Неемија: 'Нашиот Бог ќе војува за нас', затоа што Бог е присутен во делото и никој не може да го спречи неговиот конечен успех." – *Пророци и цареви, 645.*

## 3. НЕВОЛЈА ЗА ЕГИПЌАНИТЕ

**а. Како Господ ја попречил Египетската војска? Излез 14:23-25 (прв дел); Псалм 77:15-18.**

„Египќаните се осмелиле да тргнат по патот кој Бог го подготвил за својот народ, а Божјите ангели влегле меѓу нивната војска и ги отстраниле тркалата на нивните коли. Тоа ги погодило. Напредувале мошне споро и почнале да се грижат. Се потсетиле на несреќите кои еврејскиот Бог ги пуштил на нив во Египет, како би ги принудил да му дозволат на Израел да замине и помислиле дека Бог би можел да ги предаде сите во рацете на Израелците. Тие сфатиле дека Бог се бори за Израелците, и страшно се уплашиле" – *Spiritual Gifts, vol. 3, p. 235.*

**б. Кога Египќаните наишле на тешкотии во потера по Израелците, што зборувале еден на друг? Излез 14:25 (последен дел).**

**в. Што се случило штом Израелците безбедно поминале преку морето и кога Мојсеј повторно го испружил својот стап? Излез 14:26-30. Како Бог на сличен начин ќе го избави својот народ на границите на небесниот Ханан?**

„Египќаните ги зафатила паника и вчудовиденост. Среде побеснетите стихии, во кои се слушнал гласот на разгневениот Бог, се обиделе да се вратат по своите траги и да побегнат на брегот од кој пошле. Но Мојсеј го подигнал својот стап и огромните маси вода, напластени од обете страни, рикајќи морничаво и бесно по својот плен, се урнале со писок и татнеж и во својата темна длабина ја проголтале египетската војска.

Кога осамнало утрото, Израелскиот народ ги видел остатоците од нивниот силен непријател оклопени лешеви што ги исфрлило морето на пустиот брег. Една единствена ноќ била доволна да им донесе потполно спасение од најужасната опасност." – *Патријарси и пророци, 287,288.*

„Небесните битија, ангели кои се одликуваат со голема сила, чекаат, послушни на Неговата заповед, да се обединат со човечките орудија; и Господ ќе интервенира кога работите ќе дојдат до онаа точка каде на делувањето на сатанските орудија може да се спротивстави само божествената сила. Кога Неговиот народ ќе биде во најголема опасност, навидум немоќен да застане против силата на сатаната, Бог ќе делува во нивно име. Човековата потреба е можност за Бога." – *Selected Messages, bk. 2, p. 373.*

## 4. ГОЛЕМО ИЗБАВУВАЊЕ

**а. Како Псалмистот го опишал преминот на Израелците преку Црвеното Море? Псалм 77:19,20; 106:8-11.**

**б. Што Израелците морале да направат како Бог би го отворил Црвеното Море пред нив? Евреите 11:29.**

„Во своето провидение Бог ги довел Евреите во таа клисура крај морето со цел во нивното ослободување да ја покаже својата моќ и во значителна мера да ја понижи гордоста на нивните угнетувачи. Тој можел да ги спаси и на друг начин, но го одбрал токму овој за да ја испита нивната вера и да ја засили нивната доверба во него. Тие биле папсани и вџашени, но да не послушале кога Мојсеј им наредил да тргнат напред, Бог не би го отворил патот пред нив. ‘Со вера го преминаа Црвеното Море како по сува земја’ (Евреите 11:29). Слегувајќи до водата, тие покажале дека веруваат во Божјите зборови изговорени преку Мојсеја. Сториле сè што било во нивна моќ, а потоа Семожниот го разделил морето за да им создаде премин.“ – *Патријарси и пророци, 290.*

**в. Како реагирале Израелците на прекрасното избавување кое Господ го подготвил за нив? Излез 14:31; Псалм 106:12. Која поука можеме да ја научиме од ова искуство?**

„Големата поука што може да се извлече од ова важи за сите времиња. Животот на христијанинот често е полн со опасности, и должноста што треба да се изврши изгледа многу тешка. Вообразениот често создава слика според која пред нас се наоѓа сигурна пропаст, а зад нас ропство и смрт. А сепак Божјиот глас јасно зборува: ‘Само напред’. Ние треба да ја прифатиме таа заповед дури тогаш кога со свои очи не сме во состојба да проникнеме низ темнината на неизвесноста и кога под нозете веќе ги чувствуваме студените бранови. Колебливиот дух, кој вечно се сомнева, никогаш нема да се ослободи од пречките што го попречуваат нашето напредување. Оние што одложуваат да го послушаат овој глас сè додека не исчезне секоја сенка на неизвесност и додека нема веќе никаква опасност од неуспех или пораз, воопшто никогаш нема ни да послушаат. Неверувањето дошепнува: ‘Да почекаме додека не се отстранат сите пречки и додека не го видиме јасно патот пред себе’; но верата храбро гони напред ‘сè верува, на сè се надева’.“ – *Патријарси и пророци, 290.*

Четврток 13. февруари

## 5. ПЕЕЊЕ НА ПЕСНАТА НА ПОБЕДАТА

**а. Како народот ја изразил својата среќа? Кои се некои од клучните мисли од песната на Мојсеј? Излез 15:1-21.**

„Оваа песна и големото ослободување што е опеано во неа оставиле неизбришлив впечаток и спомен што никогаш не е заборавен кај еврејскиот народ. Од столетие во столетие ја повторувале Израелските пророци и поети како доказ дека Јехова е сила и спасение за оние што му се доверуваат Нему.“ – *Патријарси и пророци, 289.*

**б. Кога, каде и од кого повторно ќе се пее слична песна? Откровение 15:2-4.**

„Таа песна не му припаѓа само на еврејскиот народ. Таа однапред укажува на уништувањето на сите непријатели на правдата, и на конечната победа на Божјиот Израел.“ – *Патријарси и пророци, 290.*

„Тие „пееја нова песна“ пред престолот, песна што не може никој да ја научи, освен оние сто четириесет и четири илјади. Тоа е песната на Мојсеј и на Јагнето, песна на ослободувањето. Никој, освен овие сто четириесет и четири илјади не може да ја научи таа песна, зашто во неа се внесени нивните искуства - такви искуства какви што немала ниту една друга група.“ – *Големата борба, 648,649.*

Петок 14. февруари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Зошто Мојсеј не се плашел кај Црвеното Море?**
2. **Како Бог направил пат за бегство за Израелците? Како Тој понекогаш и за тебе направил пат за бегство?**
3. **Кога Бог ќе интервенира за да му помогне на својот народ кој се наоѓа на самата граница на небесниот Ханан?**
4. **Зошто Бог одлучил да ги доведе Израелците во оваа тешка ситуација? Зошто понекогаш и ние се наоѓаме во тешкотии?**
5. **Зошто песната на Мојсеј и Јагнето ќе може да ја пее само посебна група?**

# Поуки од Мара и Елим

**„Извика Мојсеј кон Господ, и Господ му покажа дрво. Тој го фрли дрвото во вода, и водата стана слатка. Таму му даде наредби и закони, и таму го подложи на проверка” (Излез 15:25).**

„Барајте мудрост од Бога во секој итен случај. Во секое искушение молете го Исуса да ви покаже излез од вашите неволји, и тогаш ќе ви се отворат очите да го препознаете лекот и да ги примените на вашиот случај исцелителните ветувања кои се запишани во Неговата Реч”. *– Selected Messages 2, 273.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:* **Патријарси и пророци, 291-294.**

Недела 16. февруари

## 1. ВО ПУСТИНАТА СУР

**а. Колку дена патувале Израелците во пустината без да најдат вода? Излез 15:22.**

**б. Како се нарекувало местото каде што нашле вода, и каква била водата? Излез 15:23. Што значи „Мара“? (Истиот стих) (Спореди со Рута 1:20).**

„Но се случило на патот по кој оделе три дена да не можат да најдат вода. Резервите што ги понеле веќе биле потрошени. Немале ништо со што би ја утажиле својата огнена жед на мачното одење пеш низ жешката рамнина. Мојсеј, кој добро ја познавал таа околина, го знаел она што другите не го знаеле дека водата во Мера, најблиското место каде што имало извор, не е за пиење. Со најголема загриженост го посматрал облакот што ги води. Срцето му се кинело кога слушнал како низ колоната се пронесува радосен извик: ‘Еве вода, еве вода!’ Мажите, жените и децата почнале радосно да се тискаат околу изворот, кога наеднаш, сите очајно извикале водата била горчлива“ – *Патријарси и пророци, 291.*

## 2. ЗАБОРАВЕНИ БЛАГОСЛОВИ

**а. Што направил народот кога започнал да страда од жед? Излез 15:24; Псалм 106:13.**

„Со ужасен страв и очај му префрлале на Мојсеја што ги повел по тој пат, заборавајќи дека сам Бог од оној таинствен облак го водел и Мојсеја исто како и нив. Во својата болка поради неволјата што ги снашла, Мојсеј го сторил она што тие заборавиле да го сторат: тој сердно почнал да пека пред Господа за помош." – *Патријарси и пророци, 291.*

**б. Што им рекол Христос на оние што заборавиле на минатите благослови во нивната грижа за нивните идни потреби? Лука 12:29,30.**

„Христијаните не треба да си дозволат себеси да бидат оптоварени со прекумерна грижа за животните потреби. Ако луѓето го љубат и му се покоруваат на Бога, и го прават она што е нивна должност, Бог ќе се погрижи за сите нивни потреби. Иако можеби за вашиот живот ќе заработувате со потта на лицето, не треба да ја губите довербата во Бога; бидејќи Тој во големиот план на својата промисла ќе ги задоволи вашите потреби од ден на ден." – *Counsels on Stewardship, p. 227.*

**в. Што покажува дека Бог никогаш нема да нè заборави? Исаија 44:21; 49:15,16.**

„Исусовата љубов е нешто посебно, понежна дури и од љубовта на мајката кон своето дете. Најнежната љубов што ја знаеме е љубовта на мајката кон своето дете, но Исусовата љубов ја надминува и неа. Мајката може да ги промени своите чувства. Мајките можат да станат нељубезни, но Исус никогаш, никогаш нема да стане безгрижен или нељубезен или суров кон своите деца.

Затоа никогаш, никогаш не треба да покажеме недоверба и недостаток на вера. Толку е силна Неговата љубов која управува со сите чувства на Неговата природа, и (Тој) ги користи сите свои огромни ресурси за да му направи добро на својот народ. Неговата љубов е трајна, без промена или сенка од измена. Никогаш не дозволувајте да го обесчестите Бога обидувајќи се со сите сили да се одржите, управувајќи го својот поглед кон себе, и имајќи се себеси постојано пред очите." – *The Upward Look, p. 180.*

„О, колку лесно ние го заборавааме Бога, но Тој никогаш не нè заборава; Тој нè посетува со своите благослови секој час." – *Our High Calling, p. 314.*

## 3. ГОРЧЛИВОТО СТАНУВА СЛАТКО

**а. Како водите во Мара станале слатки? Излез 15:25. Какви практични поуки можеме да научиме од ова?**

„Бог обезбедил помош за секоја неволја. Кога Израелскиот народ во пустината наишол на горчливите води во Мера, Мојсеј повикал кон Бога. Бог не создал никакво ново средство за да ја подобри горчливата вода, туку го посочил вниманието кон она што веќе постоело. Во водата требало да бидат фрлени гранки од грмушката што Тој ја создал, за водата да стане чиста, слатка и питка. Кога го сториле тоа, луѓето пиеле од водата и биле освежени. Доколку Го побараме, Христос ќе ни притекне на помош во секоја неволја. Нашите очи ќе бидат отворени да ги запазиме спасоносните ветувања запишани во Неговата Реч. Светиот Дух ќе нè поучи како да го примаме секој благослов што ќе претставува лек против тагата и болката. Ние ќе најдеме лек за секоја горчлива голтка што ќе биде ставена на нашите усни.

Не треба да дозволиме нашето срце да го обземе страв, колената да ни затреперат, а рацете потклекнат, додека ја набљудуваме иднината со тешките проблеми и неповолните изгледи што таа ги донесува. ‘Ако прибегне кон Мојата заштита’ - вели Моќниот, ‘за да склучи мир со Мене; и тогаш нека склучи мир со Мене’ (Исаија 27:5) Оние што ги предаваат своите животи на Неговото водство и се посветуваат на службата за Него, никогаш нема да се најдат во положба, која Тој однапред не ја предвидел. Без оглед на околностите во кои се наоѓаме, ние ќе имаме сигурен Водич, кој ќе го управува нашиот пат, доколку сме извршители на Неговата Реч. Колку и да сме збунети, ние имаме сигурен Советник; какви и да се нашите таги, големи загубите или осаменоста, ние имаме Пријател, кој е полн со сочувство и љубов.“ *– Здравје и среќа, 248,249.*

**б. Каде и во која друга прилика постоел сличен проблем, и како е решен? 2. Цареви 2:19-22.**

„Исцелувањето на Ерихонската вода не е извршено со човечка мудрост, туку со чудотворното Божјо посредство...

Фрлајќи сол во горчливиот извор, Елисеј им ја дал на луѓето онаа иста поука која многу векови подоцна Спасителот им ја дал на своите ученици, велејќи им: ‘Вие сте сол на земјата’ (Матеј 5:13). Фрлена во загадениот извор, солта ја исчистила водата и донела живот и благодат таму каде што владееле болест и смрт. Споредувајќи ги своите деца со солта, Господ сакал да им каже дека Неговата цел во тоа што ги прави субјекти на Неговата благодат е за тие да станат инструменти за спасување на другите.“ *– Пророци и цареви, 231.*

## 4. ВЕТУВАЊА ЗА ПОСЛУШНИТЕ

**а. Што Господ ветил дека ќе стори за својот народ, и под кои услови? Излез 15:26. Дали постојат слични услови и денес?**

„Постојат одредени услови кои мораат да ги исполнат сите што сакаат да го сочуваат своето здравје. Сите треба да знаат кои се тие услови. Непознавањето на божествените закони, било во природен или во духовен поглед, не му е по волја на Господа. Ние треба да соработуваме со Бога во обновување на здравјето на телото како и на душата.

И ние треба да ги поучуваме и другите како да го сочуваат или повратат здравјето.“ – *Копнежот на вековите, 824.*

**б. Која сигурност им се дава на оние што се болни? Псалм 103:2-5; Јаков 5:15,16.**

„Парализираниот, во Христа нашол исцелување за душата и телото. Нему му било потребно духовно здравје, за да може да го вреднува здравјето на телото. Пред да може да биде излекувана телесната болест, Христос мора да донесе ослободување на умот и да ја исчисти душата од гревот. Оваа поука не смее да се изгуби од вид. Денес има илјадници, кои страдаат од некоја физичка болест, кои како парализираниот копнеат за пораката: ‘Ти се простуваат гревовите’. Токму товарот на гревот, со својот немир и незадоволени желби е темел на нивните болести. Тие не можат да најдат олеснување, сè додека не дојдат кај Лекарот на душите. Само мирот што Тој може да го даде, ќе ги обнови силата на умот и здравјето на телото.“ – *Здравје и среќа, 77.*

**б. Зошто ние треба да бидеме посебни во тоа, како се грижиме за нашите тела? 1. Коринтјаните 6:19,20; 10:31.**

„Светиот храм на телото мора постојано да се одржува чист и неопоганет, за Светиот Божји Дух да може навистина да пребива во него. Мораме верно да го чуваме тој Божји имот, затоа што со секоја злоупотреба на своите сили го скратуваме времето на животот што сме можеле да го употребиме на слава на Бога. Треба да имаме на ум дека сме должни сè да Му посветиме на Бога, духот, душата и телото. Сето тоа е Негова откупена своина и мора да биде употребена мудро, за да го зачуваме животот како драгоцен талент којшто ни е доверен. Со правилната употреба и потполното искористување на своите сили во најкорисни активности, одржувајќи го секој свој орган здрав, така што сите сили на умот и телото функционираат складно, ние всушност вршиме најдрагоцена служба за Бога.“ – *Мојот живот денес, 134.*

Четврток 20. февруари

## 5. ИЗВОРИТЕ ВО ЕЛИМ

**а. Откако Израелците ја напуштиле Мара, на кое место бил следниот логор? Опишете ја оазата која таму ја нашле. Излез 15:27.**

**б. Како што Бог им обезбедил храна и вода на Израелците при нивното патување низ пустината, како Тој ветил дека ќе се погрижи и за потребите на својот народ, непосредно пред нивниот влез во небесниот Ханан? Исаија 33:16; Псалм 37:19.**

„Господ во повеќе наврати ми покажа дека создавањето на залихи за подмирување на нашите земски потреби во времето на неволјите е спротивно на учењето на Библијата. Всушност светиите и да сочуваат нешто од намирниците во својата куќа или поле, видов дека во времето на неволјите, кога на земјата ќе наиде меч, глад и помор, насилничките раце сето тоа ќе го однесат, и туѓинци би ги жнееле нивните полиња. Тоа ќе биде момент во потполност да се надеваме на Бога и Тој ќе нè прехрани. Видов дека во тоа време ќе биде обезбеден леб и вода, дека нема да трпиме ниту немаштија ниту глад, зашто Бог е во состојба во пустина да ни постави трпеза. Кога би било неопходно Тој би пратил гаврани да нè хранат, како што тоа го стори за Илија, или би ни пуштил мана од небото, како што направи за Израелците.“ – *Рани списи, 56.*

Петок 21. февруари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Зошто местото каде што синовите на Израел нашле вода било наречено Мара?**
2. **Како Израелците реагирале на Божјото провидение кое ги довело на ова место? Како и ние понекогаш сме слични на нив? Што треба да правиме наместо тоа?**
3. **Бог ветил дека никогаш нема да се најдеме во ситуација кога Тој нема да се погрижи за нашите потреби. Под кои услови е ова точно?**
4. **Зошто е толку важно да се чуваат Божјите закони на здравјето денес?**
5. **Што ветил Бог дека ќе обезбеди за својот народ непосредно пред нивниот влез во небесниот Ханан?**

# Леб од небото

**„А синовите на Израел јадеа мана четириесет години, додека не дојдоа во населена земја; јадеа мана сѐ додека не стигнаа до границата на хананската земја.“ (Излез 16:35).**

„Во текот на четириесет години тие со ова чудесно снабдување секој ден биле потсетувани на постојаната Божја грижа и љубов. Според зборовите на псалмистот, Бог им давал ‘небесен леб... Човек јадеше ангелски леб’ (Псалм 78:24,25). Тоа била храна што ја приготвувале за нив ангелите”. – *Патријарси и пророци, 297.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 294-297.*

Недела 23. февруари

## 1. ПОВТОРНО МРМОРЕЊЕ И ЖАЛЕЊЕ

**а. Зошто Израелците повторно мрмореле кога стигнале во пустината Сур? Излез 16:1-3.**

„Тие не гладувале, нивните природни потреби биле задоволени, но се плашеле од иднината. Не можеле да сфатат како толку голем народ ќе опстане одејќи низ пустина, а во својата вообразба веќе виделе како децата им гладуваат. Господ дозволил да ги снајдат тешкотии и дозволил да им се намали храната со цел тие со сето срце да му се обратат нему кој до тогаш ги избавувал од секоја неволја. Кога во случај на потреба би му се обратиле нему, Тој би им дал доказ за својата љубов и грижа. Тој ветил дека нема да пушти ниту една болест на нив ако ги држат неговите заповеди. Претпоставката дека тие или нивните деца ќе умираат од глад била само резултат на нивното грешно неверување...

Тие ги виделе и ги чувствувале само своите моментни незгоди и тешкотии и наместо да велат: ‘Бог направи големо дело за нас и од немоќни робови создаде голема нација’, зборувале само за тешкотиите на патувањето и се прашувале со недоумица кога најпосле ќе заврши нивното тешко лутање.“ – *Патријарси и пророци, 292,293.*

## 2. УКОРУВАЊЕ НА ОНИЕ КОИ МРМОРАТ

**а. Што им обезбедил Господ и како Тој го тестирал народот во снабдувањето со нивните секојдневни потреби? Излез 16:4,5.**

**б. Кој бил одговорот на Мојсеј и Арон на неразумното мрморење на народот? Излез 16:6-10.**

„Мојсеј го уверувал народот дека неговите потреби ќе бидат задоволени: ,Вечерва Господ ќе ви даде месо да јадете, а утре изутрина леб до наситка; оти го чу Господ вашиот вик, што го дигнавте против него'. Потоа додал: 'Кои сме ние? Вашиот повик не е против нас, туку против Бога'. Потоа му наредил на Арона да им каже: 'Пристапете пред Господа зашто го слушна вашиот вик'. И додека Арон им зборувал: 'Тие погледнаа во пустината, а тоа славата Господова се појави во облак'. Божјото присуство претставувало сјај каков што до тогаш никогаш не виделе. Со помош на појавата која дејствувала врз нивните сетила, тие требало да стекнат претстава за Бога. Морале да бидат поучени дека нивниот водач не е само еден човек каков што е Мојсеј, туку Семожниот, за да се бојат од неговото име и да го слушаат неговиот глас.“ – *Патријарси и пророци 294.*

**в. Кое ветување ни е дадено во врска со нашите секојдневни потреби во исхраната? Филипјаните 4:19; Псалм 37:25. Како можеме во овој поглед да бидеме слични на децата на Израел кои мрмореле?**

„Иако сите моментни потреби им се задоволени, сепак не се подготвени грижата за иднината да му ја препуштат на Бога, туку постојано се згрижени да не осиромашат и децата да не им бидат оставени да страдаат. Некои секогаш предвидуваат само зло, зголемувајќи ги претстојните тешкотии така што и не ги гледаат сите оние благослови за кои би требало да бидат благодарни. И наместо тешкотиите што наидуваат во животот да ги наведат за помош да му се обратат на Бога, на единствениот Извор на сила, тие уште повеќе ги оддалечуваат од него, зашто кај нив предизвикуваат незадоволство и нерасположение...

Не треба да бидеме недоверливи кон Бога и окупирани само со овој свет како нашата среќа да се состои само од материјалните богатства. Божја волја не е неговиот народ да биде притиснат со грижи.“ – *3. Патријарси и пророци 293,294.*

## 3. БОГ СЕ ГРИЖИ ЗА СВОЈОТ НАРОД

**а. Каква храна Бог им дал на Израелците во вечерните часови и наутро, а потоа со неа ги хранел цел месец? Излез 16:11-15. Зошто Бог бил толку специфичен во врска со храната што им ја давал?**

„Ако на Израелците им се давала храна на која се навикнале додека биле во Египет, тие би покажале своеволен дух на непокорност, дух каков покажува и светот денес. Во исхраната на денешните луѓе се вклучени многу работи кои Господ не би им ги дозволил на синовите на Израел да ги јадат. Човечкото семејство, какво што е денес, претставува илустрација за тоа какви би станале синовите на Израел ако Господ им дозволил да јадат храна и да ги следат навиките и обичаите на Египќаните.“ – *Коментари на библиските текстови, 55,56.*

„Во Египет нивниот вкус бил изопачен. Бог имал намера преку процесот на обнова нивниот апетит повторно да стане нерасипан и здрав, за да можат со уживање да уживаат во едноставните плодови кои им биле дадени на Адам Ева во Едем. Тој имал намера да ги смести во друг Едем – во добра земја, каде што ќе уживаат во плодовите и житарки што Тој ги обезбедил за нив. Тој имал намера да им ја скрати трескавата храна на која тие живееле во Египет; бидејќи сакал да бидат во совршено здравје и крепост кога ќе влезат во убавата земја во која Тој ги водел, за да можат околните незнабожечки народи да бидат принудени да го слават Богот на Израел, Бог кој направил толку прекрасно дело за својот народ. Ако народот кој го признавал Него како небесен Бог не би бил во совршено здравје и кондиција, Неговото име не би можело да се прослави.“ – *Коментари на библиските текстови, 55.*

**б. Опишете ја маната и начинот на кој таа била подготвувана? Излез 16:31; Броеви 11:7,8.**

„А изутрината ‘беше паднала роса околу таборот, и ете, кога се крена росата, а тоа по пустината лежи нешто ситно, како коријандер, зрнесто, бело како слана по земјата’. Мојсеј рекол: ‘Тоа е лебот што ви го даде Господ да го јадете’. Народот собирал мана и се видело дека собрале токму толку колку што било неопходно да се задоволат потребите на сите. ‘Народот одеше да ја собира и ја мелеше со рачни мелници или ја толчеше во вагани, и ја вареше во котли, па правеше од неа питки’ (Броеви 11:8). А по вкус била ‘како медни слатки’“ – *Патријарси и пророци, 295.*

## 4. СОБИРАЊЕ НА МАНА

**а. Какви упатства добил народот за собирање мана? Излез 16:16-26. Како маната ја покажала потребата од почитувањето на саботата пред давањето на законот на Синај?**

„Во текот на своето долго патување низ пустината Израелците секоја седмица биле очевидци на тројно чудо што требало во нивната душа да ја вреже свеста за значењето и за светоста на саботата. Шестиот ден паѓало двојно количество мана, а седмиот ден воопшто не паѓала. Освен тоа, само оној дел што бил наменет за сабота не се расипувал преку ноќта додека инаку маната оставена за утредента редовно се расипувала.

Околностите во врска со давањето на мана даваат убедливи и непобитни докази дека празнувањето на саботата не било воведено дури кога е даден законот на Синај, како мнозина што тврдат. За задолжителноста на празнувањето на саботата Израелците знаеле уште пред да стигнат на Синај. Светоста на денот за одмор постојано им била предочувана на тој начин што секој петок морале да соберат двојно количество мана за да имаат за сабота, кога таа воопшто не паѓала.“ – *Патријарси и пророци, 296.*

**б. Колку долго траеше секојдневното снабдување со мана? Излез 16:35. Зошто Бог го прекинал тоа?**

„’Четиринаесеттиот ден тој месец, навечер’, празнувана е Пасха во ерихонското поле. ‚И на вториот ден по Пасха почнаа да јадат од пченицата на таа земја бесквасни лебови и печени зрна во истиот ден; и маната престана да паѓа во тој ден, откако почнаа да јадат од житото на таа земја; и веќе немаше мана кај синовите Израелови; во таа година тие јадеа од плодовите на хананската земја’. Долгите години на нивното лутање низ пустината биле приведени кон крај. Најпосле Израел стапнал со своја нога на почвата на ветената земја“ – *Патријарси и пророци, 486.*

**б. Зошто садот со мана бил чуван во ковчегот на заветот? Излез 16:32,33; Евреите 9:4.**

Четврток 27. февруари

## 5. ЈАДЕЊЕТО МАНА ДЕНЕС

**а. Која е маната што треба да ја собираме и јадеме денес? Еремија 15:16; Јован 6:63 (втор дел). Колку често треба да го правиме тоа?**

„(Божјите) зборови се мана од небото која како духовна храна и дава сила на душата. Библијата е голем стандард за утврдување на јасната разлика помеѓу доброто и злото, помеѓу гревот и светоста. Нејзините животни начела, протегајќи се како златни жици низ нашиот живот, претставуваат наша единствена заштита во напаст и искушенија.“ – *Counsels to Parents, Teachers, and Students, p. 422*

„Секој сам мора да дојде кај Христа со својата глад во душата, секој мора да стекне сопствено убедување, да ја чувствува потребата на својата душа и самиот да учи од Христа.

Исполнети со Лебот на животот, повеќе нема да бидеме гладни за земните привлечности, светските возбудувања и земните величества. Нашето верско искуство ќе биде како и храната со која се храниме.

Храната што ја јадеме во еден оброк нема да ја задоволи нашата глад засекогаш. Секојдневно мора да земаме храна. Исто така, секој ден мора да ја јадеме Божјата Реч, за да може да се обновува животот на душата. Кај оние кои постојано се хранат со Речта, се формира Христос, надеж на славата. Занемарувањето на читање и проучување на Библијата доведува до духовно гладување.“ – *Our High Calling, p. 209.*

Петок 28. февруари

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **За какви работи се жалеле децата на Израел? Како ова го открива недостатокот на вера?**
2. **Што јас заборавам кога се фокусирам на тешкотиите и на злото околу мене?**
3. **Што се случува кога јадам храна и ги следам обичаите на Египет? Зошто треба да водам сметка за своето здравје?**
4. **Како снабдувањето со мана на Божјиот народ му ја предочило светоста на саботата?**
5. **Што се случува со мене, додека се хранам со Лебот на животот, преку проучување на Словото? Зошто е важно да го јадам овој Леб секој ден?**

Сабота, 7. март 2020.

## Дар во првата сабота за помош на унесреќените во светот




„Кој ќе ми даде крилја гулабови, па да одлетам и да се успокојам... би побрзал да си најдам засолниште од бурата и виорот“ (Псалм 55:6,8).

Олујните ветрови, бурите, земјотресите, несреќите, поплавите, гладот и пожарите – списокот продолжува. Сè повеќе вакви катастрофи се на повидок?

„Денот на проба и чистење е токму пред нас. Се појавуваат најпотресни знаци, во поплави, во урагани, во торнада, во провала на облаците, во несреќите на копно и море, кои ја објавуваат близината на крајот на сите нешта. Божјите казни паѓаат на земјата, за да луѓето се разбудат и сфатат дека Исус бргу доаѓа“. - *The Review and Herald, November 8, 1892.*

„Во несреќите и катастрофите на море и на копно, во големите пожари, во страшните торнада придружувани со град, во бурите, во поплавите, во циклоните, во високите бранови и во земјотресите, на секое место и во илјадници облици сатаната ја покажува својата моќ. Тој ја уништува зрелата жетва и тогаш настапуваат глад и неволја. Тој го исполнува воздухот со смртни зарази и илјадници умираат од епидемии. Овие појави ќе бидат сè почести и сè поужасни. Со масовно уништување ќе бидат зафатени не само луѓето туку и животните“. - *The Review and Herald, March 14, 1912.*

Додека големата борба на овој начин го достига својот врв на оваа планета, што бара Бог ние да правиме за човечкиот род кој страда? „О, човеку, речено ти е што е добро, и што бара од тебе Господ; да работиш праведно, да сакаш милосрдни дела и понизно да врвиш пред твојот Бог“. (Михеј 6:18) – Бог кој „со радост се смилува“ (Михеј 7:18).

Во времето на неволји, се креваат извици на човештвото што страда за дела на милосрдие – облекување на голите, хранење на гладните, поправање на урнатините од урнатите згради, за исцелувачки мелем на повредените. За итна помош потребно е да се обезбедат многу средства, така што тоа може да се оствари само со ваша великодушна поддршка. Оние кои даваат великодушно за оваа потреба ќе бидат изобилно наградени, зашто „блажени се милостивите, зашто тие ќе бидат помилувани“ (Матеј 5:7)

***Во име на одделот за управување и добротворна служба на ГК***

# Бог се грижи за својот народ

**„Но рацете на Мојсеј му отежнаа; затоа зедоа камен и го ставија под него, па седна на него: а Арон и Ор му ги потпираа рацете: еден од една страна, а другиот – од другата. Така стоеја рацете Мојсееви кренати до зајдисонце.“ (Излез 17:12).**

„Среќен е оној проповедник кој ги има своите верни Арон и Ор да го крепат и јакнат кога ќе му се закани опасност да му се скрши духот, и неговите раце да бидат издигнати во вера и молитва. Таквата поддршка е голема помош на Христовиот слуга во неговата работа и често придонесува делото на вистината славно да триумфира.“ *– 4. Сведоштво, 531.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 297-300*.

Недела 1. март

## 1. НАРОДОТ ПОВТОРНО МРМОРИ

**а. Како синовите на Израел мрмореле против Мојсеј кога пристигнале во Рефидим? Зошто? Излез 17:1-3.**

„Господ ги водел по пат каде што немало вода, за да ги испита и да види дали, примајќи толку големи докази за Неговата сила, ќе научат Нему да му се обраќаат во неволја, и да се покајат за своето негодување против Него. Ги обвиниле Мојсеј и Арон дека ги извеле од Египет само за да ги погубат со глад нив и нивните деца и да го приграбат нивното богатство. Израелците на човекот толку многу му го препишувале она за што добиле непобитен доказ дека е од Бога, чија моќ е неограничена. Бог сакал тие, откако ќе увидат дека само Тој може да ги изврши сите тие чудесни дела, да го прослават Неговото име на земјата... Кога не Го прославиле Бога во своите неволји и проблеми на патот низ пустината кон ветениот Ханан, додека Бог постојано им давал докази за Својата сила и слава и грижа за нив, не би Го прославиле ниту величеле Неговото име ниту по доаѓањето во Ханан, опкружени со сите благодети и напредок.“ *– 2. Сведоштво, 107.*

## 2. БОГ СЕ ГРИЖИ

**а. Што направил Мојсеј откако ги чул нивните поплаки? Излез 17:4; Еремија 29:12.**

„Господ кажува: ‘Повикај ме во тежок ден’ (Псалм 50:15). Тој нè повикува да ги изнесеме пред Него нашите тешкотии и неволји, нашата потреба од божествена помош. Тој ни заповеда да бидеме брзи во нашите молитви. Штом ќе се јават тешкотии, ние треба да му упатиме искрени и сериозни молитви. Со нашите упорни молитви даваме доказ за нашата длабока доверба во него. Свеста за нашата потреба не гони да се молиме сериозно и нашиот небесен Отец е трогнат од нашите молби”. – *Христовите очигледни поуки, 172.*

**б. На кое место, и со кои одредени упатства Бог го испратил Мојсеј за вода? На кој начин водата чудесно била обезбедена? Излез 17:5,6.**

„Со болка и тага Мојсеј пекал пред Господа: ‘Што да правам со овој народ?’ Му било наредено да ги земе со себе старешините Израелови и стапот со кој во Египет правел чуда и да излезе пред народот. Тогаш му рекол Господ: ‘А Јас ќе стојам пред тебе онаму кај карпата на Хорив; а ти тогаш удри во карпата и од неа ќе потече вода и народот ќе пие’. Тој послушал и постапил така и бликнал млаз жива вода која била доволна за целиот логор. Наместо да му нареди на Мојсеја да го подигне својот стап, како некогаш во Египет да повика некоја страшна казна врз оние што предводеле во тоа неоправдано мрморење, Господ во својата голема милост сторил тој стап да биде орудие на нивно ослободување.“ – *Патријарси и пророци, 298.*

**в. Кои други имиња му ги дал Мојсеј на тоа место, и зошто го преименувал? Излез 17:7 (прв дел).**

„Во својата жед народот го искушавал Бога велејќи: ‘Дали е Господ меѓу нас или не?’ ‘Ако Господ не доведе ваму, тогаш зошто не ни дава и вода како што ни даде леб?’ Неверувањето покажано на ваков начин претставувало злосторство и Мојсеј се уплашил да не ги снајде Божја казна поради тоа. Затоа она место го нарекол Маса и Мерива, што значи ‘искушение’ и ‘кавга’, со цел тоа да ги потсетува на нивниот грев.“ – *Патријарси и пророци, 298.*

## 3. СИМБОЛИ НА ХРИСТА

**а. Кого го претставува удрената карпа? 1. Коринтјаните 10:4.**

„Мојсеј удрил во карпата, но Божјиот Син бил Тој кој, обвиен со облак, стоел крај него и Тој ја извел животворната вода од каменот. Славата Господова ја виделе не само Мојсеј и Израелските старешини, туку и сиот народ што стоел на извесна оддалеченост. Да не бил облакот, тие сите би загинале од страшниот сјај на Оној кој бил во облакот.“ – *Патријарси и пророци, 298.*

**б. Во која друга смисла Исус се нарекува карпа? Псалм 94:22; Марко 12:10.**

„Во Својата бесконечна мудрост, Бог одбрал камен темелник и сам го поставил. Тој го нарекол „сигурен темел”. Цел свет може на него да ги стави своите товари и таги тој камен може сето тоа да го поднесе. Целосно е безбедно да се ѕида на него. Христос е „испробан камен”. Тој никогаш не ги разочарува оние што се надеваат во Него. Тој ги издржал сите проби. Тој го издржал притисокот на Адамовата вина и на целокупното негово потомство и бил повеќе од победник над силите на злото. Тој го носел товарот кој го префрлиле на Него сите грешници што се каат. Грешното срце во Христа наоѓа олеснување. Тој е сигурен темел. Сите, на кои Христос им е надевање, уживаат совршена сигурност...

Поврзувајќи се со Христа - живиот Камен - сите што ѕидаат на тој темел стануваат живи камења. Многу луѓе со својот личен труд се изделкани, измазнети и разубавени, но не можат да станат ‘живи камења’, бидејќи не се поврзани со Христа. Без таа врска никој не може да биде спасен. Ако во нас нема Христов живот, не можеме да одолееме на бурите на искушенијата.“ – *Копнежот на вековите, 598,599.*

**в. Што симболизирала водата која потекла од удрената карпа? Јован 4:10-14; 7:37-39.**

„Оној што пие од живата вода, станува извор на животот. Примателот станува давател. Христовата благодат во душата е како извор во пустина што извира да ги освежи сите и кај оние што се близу до смртта да создаде голема желба да пијат од водата на животот.“ – *Копнежот на вековите, 195.*

## 4. БИТКАТА СО АМАЛИКИЈЦИТЕ

### а. Која следна опасност му се заканувала на Израелскиот народ? Излез 17:8.

„Заради својата непокорност и отпадништво од Бога било дозволувано Израелците да западнат во неволји; непријатели војувале против нив; за да се понизат и да го побараат Бога во својата неволја. ‘Тогаш дојдоа Амаликијците во војна против Израелот во Рефидин’. Тоа се случило веднаш откако Израел почнал да негодува и неразумно да се буни против оние коишто Бог ги оспособил и ги поставил за да го доведат народот преку пустината во хананската земја.– *2. Сведоштво, 106.107.*

### б. Како Бог ги победил Амаликијците? Излез 17:9-12.

„Кога Амаликијците го нападнале израелскиот табор во пустината, Мојсеј знаел дека неговиот народ не е подготвен да се впушти во борба со нив. Го испратил Исус Навин со одреден број на војници да му се спротивстави на непријателот, додека тој сам, со Арон и Ор, зазел положба на еден рид од кој можело да се набљудува бојното поле. Тука овој Божји човек во својата молитва го изнел случајот пред Оној Кој единствено можел да им подари победа. Подигајќи ги своите раце кон небото, Мојсеј најсесрдно се молел за успех на израелската војска. И додека се гледало дека неговите раце се испружени кон небото, Израелците го потиснувале непријателот; но штом тој, заморен од таквата положба, би морал да ги спушти своите раце, победувале Амаликијците. Затоа Арон и Ор стоеле покрај Мојсеј држејќи ги неговите раце подигнати кон небото. Сè додека победата не била потполно на страна на Израел и додека непријателот не бил принуден да се повлече.

Овој пример претставува поука за сите кои се вбројуваат во новозаветниот Израел, и јасно зборува дека Бог е сила и одбрана на Својот народ. Израелците триумфално победувале додека Мојсеј ги држел своите раце издигнати кон небото и се молел за нив, а така и припадниците на духовниот Израел победуваат само затоа што семоќниот Спасител презел на Себе да ги штити нивните интереси и да се бори за нив. Мојсеј не барал од Господа ниту верувал дека Тој ќе ги победи нивните непријатели, а притоа Израелците ништо да не преземат од своја страна. Тој ги организирал израелските сили и ги испратил опремени со најдоброто што го имале во постоечката ситуација, а тогаш цел потфат го изнел пред Бога во молитва. Мојсеј Му се молел на Господа на ридот, додека Исус Навин долу со своите храбри војници направил сè што било во човечка моќ да ги одбие нападите на оние кои биле непријатели на Бога и на Неговиот народ”. *– 4. Сведоштво, 530,531.*

## 5. АМАЛИКИЈЦИТЕ ПОБЕДЕНИ

**а. Откако Амаликијците биле поразени, каква пресуда била изречена над нив? Излез 17:14; Второзаконие 25:17-19.**

„(Амаликијците) ги исмевале чудата и знаците што ги сторил Бог преку Мојсеја пред Египќаните и им се подбивале на околните народи кои се плашеле од тоа. Се заколнувале пред своите богови дека ќе ги уништат Евреите, ниеден нема да им побегне, и дрско се фалеле верувајќи дека Израелскиот Бог е немоќен да им се спротивстави ним. Ним Израелците не им сториле никаква неправда ниту на кој било начин ги загрозувале. Нивниот напад со ништо не бил предизвикан. Обидот да го уништат Божјиот народ бил само излевање на омраза и пркос кон Бога... Кога се устремиле врз уморните, папсани и незатитени од крајните редови на Израел, тогаш ја запечатиле судбината на својата нација. Бог посебно им е наклонет на најслабите меѓу своите деца. Ниту една свирепа постапка во угнетувањето на слабите и незаштитените не останува на небото незабележана. Божјата рака се подава како штит над сите што го љубат и се бојат од него, и луѓето нека внимаваат да не ја удрат таа рака, зашто таа држи меч на правдата.“ *– Патријарси и пророци, 300.*

**а. На што треба да се сетиме кога на сличен начин нè прогонуваат денес како што Изрелците биле прогонувани од Амаликијците? Матеј 5:11,12. Како Бог гледа на оние кои ги прогонуваат своите браќа?**

„Кога Господ ја казнил свирепоста на еден незнабожечки народ, како ќе гледа на оние кои велат дека се Негов народ, а војуваат против своите браќа кои се умориле служејќи во Неговото дело.“ *– 5. Сведоштво, 245.*



## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **На кој начин неволјите и искушенијата претставуваат тест за нас денес, како што тоа било случај со Израелците**
2. **Што покажуваат нашите сериозни молитви во тешки ситуации?**
3. **Како можеме да станеме жив камен?**
4. **Која е понекогаш причината за нашите потешкотии?**
5. **Кој грев ја запечатил судбината на Амаликијците? На кој начин и ние понекогаш сме виновни за истиот грев?**

# Посетата на Јотор

**„Но тестот Мојсеев му рече:... А ти од сиот народ одбери способни луѓе, кои имаат страхопочит кон Бога; луѓе справедливи, кои мразат користољубие, па постави ги над нив како илјадници, стотници, педесетници, десетари (и писари)” (Излез 18:17,21).**

„Во своите упатства до Мојсеј Господ многу јасно го навел карактерот на оние што требало да исполнуваат важни позиции како советници.“ – *Testimonies to Ministers, p. 341.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Мисли од гората на блаж., 13–18.*

Недела 8. март

## 1. СРЕЌНА СРЕДБА

**а. По битката со Амаликијците, кој дошол да го посети Мојсеј, и кого донел со себе? Излез 18:1-5.**

„Недалеку од местото каде што се улогориле Израелците, било родното место на Јотора, дедото на Мојсеј. Дознавајќи за ослободувањето на Евреите, Јотор тргнал да ги посети и да му ги одведе на Мојсеја жена му и неговите два сина.“ – *Патријарси и пророци, 300.*

**б. Кога Јотор го известил Мојсеја дека доаѓа, што Мојсеј веднаш направил? Излез 18:6,7.**

„Големиот водач преку весник веќе бил известен за нивното доаѓање и со радост им излегол во пресрет. По првите поздрави, ги одвел во својот шатор. Кога на патот за Египет се соочил со опасности врзани за ослободувањето на Израел од ропството, тој своето семејство морал да го врати назад, но сега повторно можел со радост да ужива во нивно друштво.“ – *Патријарси и пророци, 300.*

## 2. СПОДЕЛУВАЊЕ НА ДОБРИ ВЕСТИ

**а. Што му рекол Мојсеј на својот дедо? Излез 18:8.**

**б. Како реагирал Јотор на добрата вест? Излез 18:9-12.**

„Му ги раскажал (Мојсеј) на Јотора сите чудеса што ги направил Бог за својот народ, а патријархот се радувал и го славел Господа. Потоа, заедно со Мојсеја и со Израеловите старешини, принесувал жртви и празнувал празник посветен на Божјото милосрдие.“ – *Патријарси и пророци, 300.*

**в. Додека размислуваме за времето кое Мојсеј и Јотор заедно го поминувале, на што треба да се сетиме кога сме во контакт со другите во црквата и надвор од неа? Псалм 105:1; 1. Солуњаните 5:18.**

„Потребно е често да ги повторуваме делата кои Бог ги направил со својот народ. Колку често Господ ставал различни знаци како потсетници на Неговото делување во древниот Израел! За да не го заборават своето минато, Бог му заповедал на Мојсеј да ги вообличи овие настани во песна, преку која родителите ќе ги поучуваат своите деца. Тие биле должни да ги соберат потсетниците и да ги постават на видно место. Во нивното чување биле вложени посебни напори, кога децата за тоа ќе се распрашуваат, целата историја да може да се повтори. На тој начин делата на провидението и Божјата изразена добрина и милост за време на ослободувањето на Божјиот народ се чувале од заборав... За Неговиот народ во оваа генерација, Господ е познат како Бог кој чини чуда... Треба често да раскажуваме за Божјата добрина и да го фалиме за Неговите чудесни дела.

Да погледаме во монументалните столбови, потсетници на она што Господ направил за да нѐ утеши и да нѐ спаси од рацете на уништувачот. Да ги задржиме во свежо сеќавање сите дела на нежното милосрдие кое Бог ни го покажал – солзите што ги избришал, болките што ги ублажил, грижите што ги отстранил, стравовите што ги растерал, потребите што ги задоволил, благословите што ги подарил – и на тој начин да зајакнеме за сето она што нѐ очекува на остатокот на нашиот пат.“ – *Conflict and Courage, p. 364.*

„Ние постојано примаме Божја милост, а сепак, колку малку благодариме, колку малку го фалиме Бога за сето она што го сторил за нас.“ – *Патот кон Христа, 102.*

## 3. ЈОТОР ДАВА СОВЕТ

**а. Што забележал Јотор во врска со судската работа на Мојсеј, и каков бил одговорот на Мојсеј? Излез 18:13-16.**

„Останувајќи извесно време во логорот, Јотор забележал колку голем товар го притиска Мојсеја. Да одржи ред и мир среде толкаво мноштво необразовани и потполно неуки луѓе навистина била тешка задача. Мојсеј бил нивни признат водач и судија, па требало да решава не само прашања од општо народно значење, туку и да расудува и за одделни меѓусебни недоразбирања и судири меѓу народот. Тој тоа го прифатил, зашто на тој начин му се давала можност да ги поучува и да ги упатува, што се гледа и од неговите зборови: 'Им ги кажувам Божјите наредби и неговите закони'. Но Јотор му ставил забелешка на тоа." – *Патријарси и пророци, 300.*

**б. Каков совет му дал побожниот свештеник на својот зет? Излез 18:17-23.**

**в. Кои биле четирите главни квалификации кои посетителот ги истакнал при селекцијата на мажи кои требале да го споделат товарот со Мојсеј? Излез 18:21 (прв дел). Кој совет, даден на оние кои бираат управители во училишта, е исто толку применлив во различните сектори од делото денес.**

„Насекаде каде се основани училишта треба да се поставаат мудри управители, 'способни луѓе, богобојазливи и чесни луѓе, кои ја мразат алчноста', луѓе кои на разни должности кои ќе им се доверат, ќе постапуваат според своето најдобро знаење и способности. Исто така, тие треба да поседуваат и деловна способност, но од многу поголемо значење е да чекорат понизно со Бога и да ги води Светиот Дух. Таквите луѓе ќе бидат научени од Бога и тие ќе бараат совет од своите побожни браќа.

Управители во нашите училишта мораат да се раководат од чисти побуди. Во својата несебичност, тие ќе имаат на ум дека и во други делови на големото поле за жнеење се потребни исти олеснувања (згради, средства, опрема) како што се дадени на училиштата кои ним им се доверени." – *6. Сведоштво, 215.*

## 4. СЛЕДЕЊЕ НА СОВЕТОТ

**а. Како реагирал Мојсеј на мудриот совет на неговиот дедо? Излез 18:24,25.**

„Бог многу го ценел Мојсеја и правел чуда со неговата рака. Меѓутоа, фактот што тој бил одбран за учител над други не го навел на заклучок дека нему не му се потребни никакви поуки. Од Бога одбраниот водач на Израел радо го прифатил предлогот на богобојазливиот мадијански свештеник и неговиот план го усвоил како мудро решение.“ – *Патријарси и пророци, 301.*

**б. Што нè учи ова за тоа како треба да се однесуваме кон оние, кои се постари и поискусни од нас? Што ги прави вредни нивните совети? Левитска 19:32; Изреки 16:31.**

„Треба да се покаже стравопочит и кон Божјите претставници - кон проповедниците, учителите и родителите кои се повикани да зборуваат и дејствуваат во Негово име. Почитувајќи ги нив, Му укажуваме чест на Бога.

Бог особено бара укажување на нежна почит кон остарените. Тој вели: ‘Седите коси се венец на слава; доколку се наоѓаат на патот на праведноста’ (Изреки 16:31). Таа говори за битките кои се водени, и за победите кои се постигнати; за носените бремиња и совладаните искушенија. Таа говори за изморените стапки кои се приближуваат кон одморот, за местата кои наскоро ќе бидат празни. Помогнете им на децата да мислат на тоа и тие ќе им го разубават патот на старите со својата пристојност и почитување и ќе внесат милност и убавина во својот млад живот слушајќи ја заповедта: ‘Пред бели коси станувај, почитувај го лицето на старец’ (Левитска 19:32).“ – *Воспитување, 244.*

**в. Каков бил резултатот од препорачаната поделба на одговорноста и авторитетот? Излез 18:26.**

„Тој совет бил прифатен и придонел не само да му биде полесно на Мојсеја, туку и да се заведе посовршен ред кај народот.“ – *Патријарси и пророци, 301.*

## 5. МОЈСЕЕВИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ВОДАЧ

**а. Како што Бог барал од оние кои биле под рангот на Мојсеј да имаат одредени квалификации, какви биле особените квалификации на Мојсеј? Која важна одлика тој поседувал? Броеви 12:3.**

„Мојсеј бил смирен човек. Бог за него рекол дека е најкроткиот човек на земјата. Тој бил дарежлив, благороден и добро урамнотежен. Неговите човечки квалитети не биле половично развиени и нецелосни. Тој со успех можел да ги охрабрува своите ближни, бидејќи самиот негов живот бил жива претстава за тоа, што човекот може да стане и да оствари со Бога како свој помошник, за она, за што ги учел другите, за она, што сакал да биде, и што Бог барал од него. Тој зборувал од срце, и тоа допирало до срцата. Тој бил совршен во познавањето на сите тогашни знаења (Дела 7:22), но сепак во покажувањето на своето длабоко сочувство со луѓето бил едноставен како дете. Надарен со извонреден инстинкт, тој бил во состојба веднаш да просуди за потребите на сите што го опкружувале, како и за она што не било во ред и барало внимание, и тој ништо не занемарувал." – *Коментари на библиските текстови, 80.*

**б. Кое специјално ветување Исус им го дал на кротките? Матеј 5:5.**

„Кротоста е драгоцена, христијанска особина. На Христовата кротост и понизност се учиме само ако го носиме Христовиот јарем... Тој јарем претставува целосно потчинување." – *In Heavenly Places, p. 236.*



## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Кои квалитети треба да ги бараме кај оние кои ги бираме да го водат делото денес? Дали треба да ги бираме оние на кои им недостасуваат овие квалитети?**
2. **При изборот на луѓе за одговорни позиции што е значајно од деловните способности?**
3. **За што треба често да зборуваме во контакт со другите? Зошто?**
4. **Како треба да се однесуваме кон нашите проповедници, родители и учители во верата? Зошто?**
5. **Зошто советите на Мојсеј биле толку моќни? На што ме учи ова?**

# Бог му зборува на својот народ

**„Подобро е да не ветуваш, отколку да ветиш и да не го извршиш" (Второзаконие 5:4).**

„Кога законот бил изговаран, Господ – Творецот на небото и земјата – стоел покрај својот Син, обвиткан со оган и чад на горaта." – *Коментари на библиските текстови, 58.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 301-305.*

Недела 15. март

## 1. ПРИСТИГНУВАЊЕ ВО СИНАЈ

**а. После колку време откако го напуштиле Египет, Израелците дошле на Синај? Излез 19:1,2. Какво откровение Бог сакал да им даде?**

„На сите страни се виделе силни карпи кои со својата таинственост како да сведочеле за своето вечно постоење и величественост. Пред таа сцена на природата луѓето ги обземало чувство на свеченост и страхопочит. Човекот морал да почувствува колку е слаб и колку неговото знаење е малечко во присуство на Оној 'кој ги измерил на терезија планините и ридовите' (Исаија 40:12). Тука Израелците требало да го примат најпрекрасното откровение кое кога било им е дадено на луѓето. Тука Господ го собрал својот народ со цел светоста на своите барања да ја вреже во душата, објавувајќи им го својот свет закон со свој сопствен глас. Во нивниот живот морала да настане голема и корена преобразба, зашто понижувачкото влијание на долгогодишното робување и дружење со идолопоклониците оставило свој белег во нивниот карактер и во нивните навики. Давајќи им јасна претстава за самиот себе, Бог настојувал да ги издигне на повисоко морално рамниште." – *Патријарси и пророци, 302.*

**б. Кои прекрасни зборови му ги кажал Бог на Мојсеј на горaта, споделувајќи ја својата желба за Израелците, како и за Неговиот народ во сите векови? Излез 19.**

## 2. ПОДГОТОВКА ЗА СРЕДБА СО БОГА

**а. Откако Мојсеј го споделил со народот она што Бог му го рекол, како реагирал народот? Излез 19:7-9.**

„Мојсеј се вратил кај народот и, собирајќи ги израелските старешини, им ја соопштил божествената порака. При тоа тие одговориле: 'Сè што кажал Господ, ќе правиме'. Така стапиле во свечен заветен однос со Бога и се обврзале него да го прифатат за свој господар, со што станале приврзаници на Неговата власт." – *Патријарси и пророци, 303.*

„Ова е заветот кој Божјиот народ треба да го направи во овие последни денови. Од нивното верно исполнување на условите поставени во заветот кој го направиле со Бога зависи дали Тој ќе ги прифати. Во својот завет Бог ги вклучува сите кои се волни да Му се потчинат." – *Коментари на библиските текстови, 57,58.*

**б. Каква подготовка е барана од народот за да може да се појави во Божјо присуство додека го објавувал својот закон? Излез 19:10-15. На што треба да обрнеме внимание пред да се појавиме во Божјо присуство во црквата.**

„Тој голем и моќен Бог Кој го создал прекрасниот Едем и сè што е убаво во него, е Бог на редот и сака Неговиот народ да биде уреден и чист...

На оние кои доаѓале пред Него не смеело да има ништо неуредно. А зошто сето тоа? Која била целта на таа строгост? Дали само тоа народот да му угоди на Бога? Дали само затоа за да го добие Неговото одобрување? Мене како причина ми беше наведено тоа дека целта била да се остави добар впечаток кај народот. Кога оние кои вршат света служба не би покажувале грижливост и почит кон Бога со тоа што ќе внимаваат на својот изглед кога ќе излегуваат пред Него, тоа на народот ќе му даде возвишен поим за Бога и за Неговите барања. Така на луѓето им се укажувало дека Бог е свет, дека Неговото дело е свето и дека сè што е во врска со Неговото дело мора исто така да биде свето, слободно од сè што би прилегало на нечистотија и неуредност. Оние кои стапуваат во Божја близина мораат да ја отфрлат од себе сета нечистотија". – *2. Сведоштво, 611,612.*

## 3. ВО БОЖЈО ПРИСУСТВО

**а. Опишете го величието и свеченоста на сцената кога Бог слегол од небото да зборува со својот народ? Излез 19:16-20; Второзаконие 33:2,3.**

„Третиот ден изутрината, кога очите на сиот народ биле насочени кон гората, нејзиниот врв го покрил темен облак кој станувал сè погуст и помрачен и се спуштал сè додека целата гора не била обвиена со мрак и со страшна таинственост. Тогаш се слушнал глас од труба кој го повикал народот да излезе пред Господа, и Мојсеј ги довел до подножјето на горета. Од густиот мрак почнале да светкаат блескотни секавици придружени со силни грмежи на многубројни громови чиишто одгласи околните планини ги правеле уште пострашни...

Потоа грмежите престанале. Трубата не се слушала веќе, земјата била мирна. Пред да се слушне Божјиот глас, настапила свечена тишина. Господ го објавил својот закон зборувајќи од густата темнина што го обвивала додека стоел на горета опкружен со придружба на ангели.“ – *Патријарси и пророци, 304.*

„Објавувајќи ги на Израеловите синови десетте заповеди со сопствениот глас, Бог со тоа го покажал нивното значење. Тој со страшна величественост го покажал Својот возвишен авторитет како владетел на Светот. Бог го направил тоа за на Својот народ живо да му го втисне сеќавањето за светоста на Својот закон и важноста за покорувањето на истиот.“ – *8. Сведоштво, 198.*

**в. Кога Мојсеј повторно бил повикан на врвот на горета, што му рекол Господ? Излез 19:21-25.**

„Кога божественото присуство се покажало на Синај, славата Господова во очите на Израелците изгледала како оган кој уништува сè.“ – *Патријарси и пророци, 339.*

„Бог – тоа е суштество со бескрајна љубов и сочувство, но Тој исто така кажува за себе дека е ‘оган, што гори, Бог ревнител’.“ – *The Re¬view and Herald, August 14, 1900.*

„За гревот, каде и да се најде ‘нашиот Бог е оган што го спалува секој’. (Евреите 12:29) Божјиот Дух ќе го уништи гревот во сите што ќе се потчинат на Неговата сила. Но, ако луѓето цврсто се држат до гревот, тогаш тие се идентификуваат со него. Тогаш Божјата слава, која го уништува гревот, мора да ги уништи и нив.“ – *Копнежот на вековите, 107.*

## 4. ЗАКОН НА ЉУБОВТА

**а. Кој го изговорил законот на горатa Синај? Што подоцна Тој направил со законот? Второзаконие 5:4,5; 9:10.**

„Никој не треба да доживее неуспех во сфаќањето на законот, кој е препис на Неговиот карактер. Зборовите напишани со прст Божји на плочи од камен, толку совршено ја откриваат Неговата волја во однос на Неговиот народ, така што никој не треба да погреши.“ – *Selected Messages, bk. 1, p. 225.*

**б. Кој е основниот принцип што стои зад законот? Матеј 22:37-39.**

„Десетте Божји заповеди од кои секоја содржи по еден налог или пак забрана, доколку во послушност им се потчиниме како на законот кој владее со универзумот, за нас претставуваат и десет ветувања. ‘Ако Ме љубите, пазете ги Моите заповеди’. Овде во најкраток облик е дадена суштината на Божјиот закон. Тука се опишани условите за спасение за секој син и ќерка на Адам.

Десетте свети заповеди кои самиот Христос ги изговорил на планината Синај претставуваат откровение на Божјиот карактер, и на целиот свет му го соопштуваат фактот дека Тој има јурисдикција над целото човечко наследство. Тој закон на најголемата љубов која на човекот може да му биде прикажана во десетте прописи го претставува гласот Божји кој од небото и зборува на човечката душа во ветувањето: ‘Прави така, и никогаш нема да дојдеш под контрола и власт на сатаната’. Во тој закон нема ништо негативно, иако можеби изгледа дека има. Тој значи: ПРАВИ ТАКА, и ќе бидеш ЖИВ’.“ – *Коментари на библиските текстови, 60,61.*

**б. Како вистинските христијани покажуваат дека во срцето имаат Божја љубов? 1. Јованово 5:2,3; Римјаните 13:10.**

„Христовата љубов во душата ќе ја изгони секоја омраза, себичност и завист; бидејќи Божјиот закон е совршен, ја преобразува душата. Послушноста на Божјиот закон донесува здравје. Склоноста кон послушност ја привлекува душата кон Бога. Гледајќи кон Господа Исуса, ние можеме да се охрабриме и да служиме еден на друг. Христовата љубов така ја обзема нашата душа, и меѓу нас повеќе нема раздори и расправии.“ – *Коментари на библиските текстови, 61.*

„Законот на љубовта налага да ги посветиме телото, умот и душата во служба за Бога и своите ближни. Оваа служба, која ни овозможува да бидеме благослов за другите, и нам ни донесува најголем благослов.“ – *Воспитување, 16.*

Четврток 19. март

## 5. НЕПРОМЕНЛИВ ЗАКОН

**а. Која била намерата на Исус со чудото на улов на мноштво риби? Што можеме да научиме од ова искуство во нашата работа за душите? Лука 5:4-10.**

„Израелскиот народ бил целосно совладан од страв. Длабоката впечатлива сила на Божјиот глас како да го надминала оно што нивните растреперени срца можеле да го поднесат. Кога законот им бил изложен како големо Божјо мерило на праведноста, тие, како никогаш дотогаш, ја сфатиле сета одвратност на гревот и сопствената грешност во очите на светиот Бог. Со страв и со длабока почит се повлекле од горaта и застанале подалеку.“ – *Патријарси и пророци, 309,310.*

**б. Дали има потреба за промена на овој закон? Дали Исус го променил? Псалм 111:7,8; Матеј 5:17-19.**

„Божјиот закон во небесното Светилиште е возвишен оригинал, чијшто верен препис биле заповедите напишани на камени плочи и запишани во Мојсеевото Петокнижие... Божјиот закон, како откровение на Неговата волја и препис на Неговиот карактер, мора да постои вечно како ‘верен сведок на небото’. Не е укината ниту една заповед; не е изменета ниту една негова буква или цртичка. Псалмистот вели: ‘Ти постоиш вечно, Господи; Твоето слово засекогаш е утврдено на небото’. ‘Верни се сите заповеди Негови, утврдени засекогаш’ (Псалм 119:89; 111:7,8).“ – *Големата борба, 434.*

Петок 20. март

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како убавината на природата која ја опкружувала горaта Синај влијаела на Израелците? Зошто е толку важно редовно да поминуваме време во природа?**
2. **Каков завет Бог сака секојдневно да направам со Него?**
3. **Зошто Бог зборувал со својот глас кога ги објавувал десетте заповеди на синовите на Израел?**
4. **Каков е резултатот од законот на љубовта, Исусовата љубов, која престојува во душата?**
5. **Објаснете зошто законот е непроменлив?**

# Ѕид на заштита

**„Блажени се непорочните во патот нивни, зашто одат според законот Господов”. (Псалм 119:1).**

„Оној кој има разбирање за далекусежните барања на Божјиот закон, може да разбере нешто и за одвратноста на гревот. И колку се повозвишени неговите идеи за Божјите барања, толку поголема ќе биде и неговата благодарност за помилувањето што му е понудено.“ *– 5. Сведоштво, 214.*

*ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Патријарси и пророци, 305-310.*

Недела 22. март

## 1. ПРИЗНАВАЊЕ НА ТВОРЕЦОТ

**а. Кога саботата била дадена на човечкиот род? Која била целта на саботата? Создавање 2:1-3.**

„За саботата треба да размислуваме и да ја празнуваме како спомен на делото на создавањето на Творецот. Укажувајќи на Господа како Творец на небото и земјата, таа го истакнува токму она според што вистинскиот Бог се разликува од сите лажни богови”. – *Патријарси и пророци, 307.*

**б. Кои се некои општи насоки за правилно празнување на саботата? Исаија 58:13.**

**в. Зошто честопати не успеваме да внимаваме на нашите зборови во саботата? Матеј 12:34.**

„Со цел саботата навистина да ни биде света дури ни на нашите мисли не би смееле да им дозволиме тој ден да се задржуваат на земни работи.“ *– Патријарси и пророци, 307.*

„Меѓутоа, за да ја празнуваат саботата како света, луѓето и сами мораат да бидат свети. Тие со вера мораат да станат учесници во Христовата праведност.“ *– Копнежот на вековите, 283.*

## 2. ДА СЕ СТАВИ БОГ НА ПРВО МЕСТО

**а. Што објавува Бог веднаш на почетокот на законот, покажувајќи ја неговата важност? Излез 20:3. Како да покажеме дека на нешто сме му дале предност во животот? На кои други богови понекогаш им служиме.**

„Вечниот, жив и недосеглив Јехова, кој нема ниту почеток ниту крај, кој не е некое создадено суштество, е единствен извор на животот и творец на се што е создадено, Оној кој се одржува и само нему треба да му се клањаме и да го обожаваме. На луѓето им е забрането на кого било или на што било друго да му даваат прво место во својата наклоност или служба. Ако цениме или сакаме што било друго што на некој начин води кон намалување на нашата љубов кон Бога или оди на штета на службата што му ја должиме нему, тогаш веќе од тоа си создаваме себеси друг бог.“ – *Патријарси и пророци, 305*.

**б. Каков треба да биде нашиот став кон Бога? Марко 12:30; Второзаконие 10:12.**

„Христовата служба го бара целиот човек – срцето, умот, душата, силата. Тој нема да прифати поделено срце. Тој очекува од нас да дадеме сѐ од себе.“ – *This Day with God, p. 161.*

.

**в. Која особина е од суштинско значење ако сакаме да влеземе во врска со Бога каде што Тој би бил на прво место? Галатјаните 5:6.**

„Верата што може да нѐ доведе во жив допир со Христа, од наша страна вклучува најголема наклонетост, совршена доверба и целосна посветеност... Таа во животот на Христовите следбеници доведува до вистинска послушност кон Божјите заповеди, затоа што љубовта кон Бога и љубовта кон луѓето ќе биде резултатот од живата врска со Христа.“ – *In Heavenly Places, p. 108.*

„(Вистинскиот верник) пребива во Христа, и својата храна ја добива од Него.

Таа духовна поврзаност може да се воспостави и да се одржи само со лична вера. Таквата вера се одржува со совршена доверба во Христа и со потполна посветеност, така што Тој секогаш и во сѐ ни е прв и најважен. Нашата волја мора потполно да ѝ се потчини на Божјата волја; нашите чувства, желби, интереси и често се поистоветуваат со напредокот на Христовото царство и со интересите на Неговото дело; ние постојано примаме благодат од Него, а Христос ја прима нашата благодарност – *Мојот живот денес, 11.*

## 3. ОТФРЛАЊЕ НА СЕБИЧНИТЕ ЖЕЛБИ

### а. Од каде потекнува грешната желба што доведува до сериозни гревови како што се лакомоста и прељубата? Изреки 4:23; Матеј 15:19; 22:37.

„Искушувачот никогаш не може да не принуди да правиме зло. Тој не може да владее со умот, освен ако човекот не се потчини на неговата власт. Дури кога волјата ќе се согласи, кога верата ќе се откаже од својата доверба во Христа, сатаната може да стекне власт над нас. Со секоја грешна желба што ја негуваме ние му го отстапуваме теренот. Секоја точка во која не го задоволуваме божественото мерило претставува отворена врата низ која тој може да влезе за да не искушува и уништи. Секој наш пропуст или пораз му пружаат можност да му приговара на Христа.“ – *Копнежот на вековите, 125.*

„Забранувајќи ги себичните желби што претставуваат извор на сите грешни постапки десеттата заповед удира во коренот на сите гревови. Оној што го почитува Божјиот закон и што се воздржува дури и да не посака во себе ништо од она што му припаѓа на друг, никогаш нема да биде наведен да им стори некое лошо дело на своите ближни.“ – *Патријарси и пророци, 309.*

### б. Кога ќе сфатиме дека бојното поле се наоѓа во нашиот ум, што треба да направиме? Филипјаните 2:5-8; Откровение 3:20.

„Исус станал човек за да може да посредува меѓу човекот и Бога... за да може човекот да го врати првобитниот ум што го загубил во Едем преку примамливите искушенија на сатаната.“ – *That I May Know Him, p. 291.*

„Со преобразување и трансформација луѓето треба да го примат Христовиот ум.“ – *That I May Know Him, p. 134.*

### в. Колку далекусежна е послушноста на седмата заповед? Матеј 5:27,28.

„Оваа заповед ги забранува не само валканите дела, туку и неморалните мисли и желби и секоја навика што би ги поттикнувала. Чистота се бара не само во надворешниот живот, туку и во тајните намери и побуди на срцето. И сам Христос, кој учел колку далекусежни се обврските на Божјиот закон, кажува дека мислата и погледот можат исто така да бидат грешни како и недозволените дела.“ – *Патријарси и пророци, 308.*

## 4. ОТФРЛАЊЕ НА ДЕСТРУКТИВНИТЕ МИСЛИ

**а. Што е коренот од кој извира убиството? 1. Јованово 3:15. Што уште е вклучено во држењето на шестата заповед.**

„Секоја неправедна постапка што придонесува за скусување на животот духот на омраза и одмазда, или попуштањето на некоја страст што не наведува на неправедни постапки кон другите, или кај нас предизвикува само желба да им напакостиме ‘зашто оној кој го мрази својот брат е крвник човечки’; себичната немарност во помагањето на сиромасите и на оние што страдаат; секое попуштање себеси, непотребното лишување или претераната работа што би биле штетни за здравјето сето тоа, во поголема или помала мера, е престап на шестата заповед.“ – *Патријарси и пророци, 308.*

**б. Која карактеристика на телесното срце води до омраза, и како оваа лоша особина влијае на оние што ја негуваат? 1. Коринтјаните 3:3; Изреки 14:30.**

„Зависта е ќерка на горделивоста и ако ја негувате во своето срце, ќе предизвика омраза, а можеби и одмазда и убиство.“ – *Патријарси и пророци, 651.*

„Зависта е една од најнепожелните особини на сатанскиот карактер. Тој постојано бара да се издигне себеси, фрлајќи навреди врз другите. Еден завидлив човек ќе го понижува својот ближен, сакајќи да се возвиши себеси.“ – *Коментари на библиските текстови, 286.*

„Зависта, љубомората и злите нагаѓања претставуваат пеколна сенка со која сатаната се обидува од вашиот видик да го засолни Христовиот карактер, така што, посматрајќи го само злото, да можете да бидете целосно променети во неговиот лик“ – *Коментари на библиските текстови, 295.*

**в. До каде би требало да се протега нашата чесност, ако навистина сакаме да ја држиме осмата заповед? 2. Коринтјаните 8:21.**

„(Осмата заповед) ги осудува провалите и разбојништвата. Таа бара најстрога чесност и во најситните подробности на сите животни настани. Таа ја забранува претераната заработувачка во трговијата, бара чесно да се плаќаат сите оправдани побарувања и заработувачки и прогласува дека во небесните книги секој обид човекот да го користи незнаењето, слабоста или несреќата на другите се бележи како измама“ – *Патријарси и пророци, 309.*

Четврток 26. март

## 5. НАЈВИСОКА ЗЕМНА ЧЕСТ

### а. Што е специфично за петата заповед? Ефесјаните 6:2; Излез 20:12.

„Родителите имаат право на љубов и почит повеќе од кој и да е друг. Сам Бог, кој ги задолжил за душите доверени на нивна грижа, определил родителите во првите години на детскиот живот пред децата да бидат негови претставници. Затоа, секој што го отфрла законитиот авторитет на родителите, го отфрла Божјиот авторитет. Петтата заповед бара од децата не само на родителите да им укажуваат љубов и нежност, туку и да им ги олеснат секојдневните грижи да го пазат нивниот углед и во староста да им пружат потпора и утеха. Таа заповед бара да се почитуваат и службениците на црквата и органите на власта и сите оние на кои Бог им дал авторитет.“ – *Патријарси и пророци, 308.*

„Обврската што ја имаме кон петата заповед, во однос на нашите родители никогаш не престанува. Нашата љубов кон нив, и нивната кон нас, не можат да се мерат со годините на старост, ниту со било каква меѓусебна оддалеченост, а својата одговорност во тој поглед никогаш не смееме да ја запоставиме.“ – *Мојот живот денес, 278.*

„Оние кои вистински го следат Христа, мораат да му дозволат да престојува во срцето, и да го востоличат Него како врховен. Тие мораат да го претставуваат Неговиот дух и карактер во својот дом, да покажуваат учтивост и љубезност кон оние со кои доаѓаат во контакт. Има многу деца кои тврдат дека ја знаат вистината, а кои на своите родители не им ја укажуваат честа и преданоста која им припаѓа, кои покажуваат мошне мала љубов кон таткото и мајката и пропуштаат да им дадат почит покорувајќи се на нивните желби или пак трудејќи се да ги ослободат од грижите.“ – *Sons and Daughters of God, p. 60.*

Петок 27. март

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како единствено можам да ја држам саботата света? Што ќе откријат моите зборови и дела?**
2. **Какви се последиците од мојата животна поврзаност со Христа?**
3. **Што се случува кога се негува некоја грешна желба или грешна мисла?**
4. **Што е завист? Кои се последиците од негувањето на оваа грешна особина?**
5. **Зошто родителите имаат право на љубов и почитување повеќе од било кој друг?**

# БОГОСЛУЖБА ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Јануари - 2020.*

| Дат . | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед . |
|---|---|---|---|---|
| 1. | *Среда* | *Јован 15:1-5.* | *7 Свед. 252.* | *Псалм 61:1-3.* |
| 2. | *Четврток* | *Јован 16:7-14.* | *7 Свед. 253.* | *Излез 24:7-10.* |
| 3. | *Петок* | *Дела 1:8-11.* | *Сонцето заоѓа во 16 13* | |
| 4. | *Сабота* | *Псалм 1.* | *Сонцето заоѓа во 16 13* | |
| 5. | *Недела* | *Дела 2:1-4.* | *7 Свед. 254.* | *Излез 33:11-15.* |
| 6. | *Понеделник* | *Дела 2:14-21.* | *7 Свед. 255.* | *Излез 33:18-23.* |
| 7. | *Вторник* | *Дела 3:19-21.* | *7 Свед. 256.* | *Излез 34:6-9.* |
| 8. | *Среда* | *Дела 4:8-12.* | *7 Свед. 257.* | *Езекиел 5:15-17.* |
| 9. | *Четврток* | *Дела 4:13-20.* | *7 Свед. 258.* | *Исаија 48:17,18.* |
| 10. | *Петок* | *Дела 4:24-31.* | *Сонцето заоѓа во 16 19* | |
| 11. | *Сабота* | *Псалм 2.* | *Сонцето заоѓа во 16 21* | |
| 12. | *Недела* | *Дела 5:12-15.* | *7 Свед. 259.* | *Исаија 25:8,9.* |
| 13. | *Понеделник* | *Дела 5:17-23.* | *7 Свед. 260.* | *Исаија 24:17,18.* |
| 14. | *Вторник* | *Дела 5:24-28.* | *7 Свед. 261.* | *Исаија 28:5,6.* |
| 15. | *Среда* | *Дела 5:30-33.* | *7 Свед. 262.* | *Исаија 28:15,16.* |
| 16. | *Четврток* | *Дела 5:34-39.* | *8 Свед. 9.* | *Исаија 28:20,21.* |
| 17. | *Петок* | *Дела 4:11,12.* | *Сонцето заоѓа во 16 27* | |
| 18. | *Сабота* | *Псалм 3.* | *Сонцето заоѓа во 16 29* | |
| 19. | *Недела* | *Дела 6:3-7.* | *8 Свед. 10.* | *Исаија 13:9-13.* |
| 20. | *Понеделник* | *Дела 6:8,10-15.* | *8 Свед. 11.* | *Исаија 11:1-6.* |
| 21. | *Вторник* | *Дела 7:1-5.* | *8 Свед. 12.* | *Исаија 9:5,6.* |
| 22. | *Среда* | *Дела 7:6-10.* | *8 Свед. 13.* | *Исаија 8:9-14.* |
| 23. | *Четврток* | *Дела 7:11-18.* | *8 Свед. 14.* | *Исаија 6:10-13.* |
| 24. | *Петок* | *Дела 7:19-25.* | *Сонцето заоѓа во 16 36* | |
| 25. | *Сабота* | *Псалм 4.* | *Сонцето заоѓа во 16 37* | |
| 26. | *Недела* | *Дела 7:26-30.* | *8 Свед. 15.* | *Исаија 3:4-7.* |
| 27. | *Понеделник* | *Дела 7:31-36.* | *8 Свед. 16.* | *Исаија 3:10-12.* |
| 28. | *Вторник* | *Дела 7:37-41.* | *8 Свед. 17.* | *Исаија 2:17-22.* |
| 29. | *Среда* | *Дела 7:42-47.* | *8 Свед. 18.* | *Исаија 1:1-5.* |
| 30. | *Четврток* | *Дела 7:48-53.* | *8 Свед. 19.* | *Исаија 1:6-9.* |
| 31. | *Петок* | *Псалм 66:16-20.* | *Сонцето заоѓа во 16 45* | |

# *Февруари - 2020.*

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | *Сабота* | *Псалм 5:1-7.* | *Сонцето заоѓа во 16 46* | |
| 2. | *Недела* | *Дела 8:1-4.* | *8 Свед. 20.* | *Исаија 29:8-11.* |
| 3. | *Понеделник* | *Дела 8:5-8.* | *8 Свед. 21.* | *Исаија 30:18-21.* |
| 4. | *Вторник* | *Дела 8:9-13.* | *8 Свед. 22.* | *Исаија 30:29,30.* |
| 5. | *Среда* | *Дела 8:14-19.* | *8 Свед. 23.* | *Исаија 32:1-5.* |
| 6. | *Четврток* | *Дела 8:20-25.* | *8 Свед. 24.* | *Исаија 32:16-20.* |
| 7. | *Петок* | *Дела 8:26-31.* | *Сонцето заоѓа во 16 54* | |
| 8. | *Сабота* | *Псалм 8:1-9.* | *Сонцето заоѓа во 16 55* | |
| 9. | *Недела* | *Дела 8:32-35.* | *8 Свед. 25.* | *Исаија 34:1-4.* |
| 10. | *Понеделник* | *Дела 8:36-40.* | *8 Свед. 26.* | *Исаија 34:8-11.* |
| 11. | *Вторник* | *Дела 9:1-5.* | *8 Свед. 27.* | *Исаија 34:16.* |
| 12. | *Среда* | *Дела 9:6-9.* | *8 Свед. 28.* | *Исаија 35:1-4.* |
| 13. | *Четврток* | *Дела 9:10-16.* | *8 Свед. 29.* | *Исаија 35:5-10.* |
| 14. | *Петок* | *Дела 9:17-21.* | *Сонцето заоѓа во 17 03* | |
| 15. | *Сабота* | *Псалм 9:7-14.* | *Сонцето заоѓа во 17 04* | |
| 16. | *Недела* | *Дела 9:22-29.* | *8 Свед. 30.* | *Исаија 40:9-11.* |
| 17. | *Понеделник* | *Дела 9:32-35.* | *8 Свед. 31.* | *Исаија 40:21-23.* |
| 18. | *Вторник* | *Дела 9:36-42.* | *8 Свед. 32.* | *Исаија 40:25-31.* |
| 19. | *Среда* | *Дела 10:1-6.* | *8 Свед. 33.* | *Исаија 41:6-10.* |
| 20. | *Четврток* | *Дела 10:7-14.* | *8 Свед. 34.* | *Исаија 41:11-14.* |
| 21. | *Петок* | *Дела 10:15-20.* | *Сонцето заоѓа во 17 12* | |
| 22. | *Сабота* | *Псалм 9:18-20.* | *Сонцето заоѓа во 17 13* | |
| 23. | *Недела* | *Дела 10:21-26.* | *8 Свед. 35.* | *Исаија 42:5-9.* |
| 24. | *Понеделник* | *Дела 10:27-29.* | *8 Свед. 36.* | *Исаија 42:16-21.* |
| 25. | *Вторник* | *Дела 10:30-33.* | *8 Свед. 37.* | *Исаија 43:1-3.* |
| 26. | *Среда* | *Дела 10:34-40.* | *8 Свед. 38.* | *Исаија 43:4-7.* |
| 27. | *Четврток* | *Дела 10:41-43.* | *8 Свед. 39.* | *Исаија 43:10,11.* |
| 28. | *Петок* | *Дела 10:44-48.* | *Сонцето заоѓа во 17 20* | |
| 29. | *Сабота* | *Лука 23:33-35.* | *Сонцето заоѓа во 17 22* | |

## *Март – 2020.*

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | *Недела* | *Гал. 8:11-14.* | *8 Свед., 40.* | *Исаија 34:1-4.* |
| 2. | *Понеделник* | *Дела 11:6-12.* | *8 Свед., 41.* | *Исаија 45:11-13.* |
| 3. | *Вторник* | *Дела 11:13-18.* | *8 Свед., 42.* | *Исаија 45:17-19.* |
| 4. | *Среда* | *Дела 11:19-24.* | *8 Свед., 43.* | *Ис. 45:22-25.* |
| 5. | *Четврток* | *Дела 11:25-30.* | *8 Свед., 44.* | *Исаија 46:3-5.* |
| 6. | *Петок* | *Дела 12:1-5.* | *Сонцето заоѓа во 17 29* | |
| 7. | *Сабота* | *Псалм 11.* | *Сонцето заоѓа во 17 30* | |
| 8. | *Недела* | *Дела 12:6-10.* | *8 Свед., 45.* | *Ис. 48:20-22.* |
| 9. | *Понеделник* | *Дела 12:11-17.* | *8 Свед., 46.* | *Ис. 49:13-16.* |
| 10. | *Вторник* | *Дела 12:21-24.* | *8 Свед., 47.* | *Ис. 49:24,25.* |
| 11. | *Среда* | *Дела 13:1-4.* | *8 Свед., 48.* | *Исаија 50:4-7.* |
| 12. | *Четврток* | *Дела 13:6-12.* | *8 Свед., 49.* | *Исаија 50:8-11.* |
| 13. | *Петок* | *Дела 13:14-19.* | *Сонцето заоѓа во 17 37* | |
| 14. | *Сабота* | *Псалм 12.* | *Сонцето заоѓа во 17 38* | |
| 15. | *Недела* | *Дела 13:20-23.* | *8 Свед., 50.* | *Исаија 51:11-14.* |
| 16. | *Понеделник* | *Дела 13:24-29.* | *8 Свед., 51.* | *Исаија 51:21-23.* |
| 17. | *Вторник* | *Дела 13:30-37.* | *8 Свед., 52.* | *Исаија 52:1-3.* |
| 18. | *Среда* | *Дела 13:38-42.* | *8 Свед., 53.* | *Исаија 52:6-8.* |
| 19. | *Четврток* | *Дела 13:43-47.* | *8 Свед., 54.* | *Исаија 52:9-11.* |
| 20. | *Петок* | *Дела 13:48-52.* | *Сонцето заоѓа во 17 45* | |
| 21. | *Сабота* | *Псалм 13.* | *Сонцето заоѓа во 17 46* | |
| 22. | *Недела* | *Дела 14:1-3.* | *8 Свед., 55.* | *Исаија 53:5-8.* |
| 23. | *Понеделник* | *Дела 14:8-12.* | *8 Свед., 56.* | *Исаија 53:9-12.* |
| 24. | *Вторник* | *Дела 14:13-17.* | *8 Свед., 57.* | *Исаија 54:7-10.* |
| 25. | *Среда* | *Дела 14:18-22.* | *8 Свед., 58.* | *Исаија 54:11-14.* |
| 26. | *Четврток* | *Дела 15:5-12.* | *8 Свед., 59.* | *Исаија 54:17.* |
| 27. | *Петок* | *Дела 15:13-19.* | *Сонцето заоѓа во 17 53* | |
| 28. | *Сабота* | *Псалм 14.* | *Сонцето заоѓа во 17 54* | |
| 29. | *Недела* | *Дела 15:23-26.* | *8 Свед., 60.* | *Исаија 55:4-7.* |
| 30. | *Понеделник* | *Дела 15:28-32.* | *8 Свед., 61.* | *Исаија 55:8-13.* |
| 31. | *Вторник* | *Псалм 10:12-17.* | *8 Свед., 62.* | *Исаија 56:12.* |

# Доброволен дар во првата сабота




**4. јануари**
Дар во првата сабота за централата на Амазонското (АПАМ) поле во Бразил
(страна 4)

**1. февруари**
Дар во првата сабота За мисијата во Танзанија
(страна 25)






**7. март**
Дар во првата сабота за помош на унесреќените во светот
(страна 51)